Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Филозофски факултет
Институт за психологија

# Димензии на појавување на возрасноста и чувство на постигната возрасност кај млади возрасни од машки и женски пол

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Ментор:
Проф. д-р Ана Фрицханд

Студент:
Алисија Колевска

Скопје, 2017 година

# СОДРЖИНА


**Вовед** .......... 1
Истражувачки проблеми и цели на истражувањето .......... 4

**Теориска позадина** .......... 5
Теориски придонеси од минатиот век .......... 5
Настанување на возрасноста .......... 7
Димензии на настанување на возрасноста .......... 10
Чувство на постигната возрасност .......... 16
Возраста како социодемографски фактор .......... 24
Полот како социодемографски фактор .......... 25

**Релевантни истражувања** .......... 26
Истражувачки хипотези .......... 36

**Метод** .......... 38
Испитаници .......... 38
Мерни инструменти .......... 40
Постапка .......... 43
Статистичка обработка на податоците .......... 44

**Резултати** .......... 46

**Квалитативен метод** .......... 62
Испитаници .......... 62
Мерен инструмент .......... 63
Постапка .......... 63
Обработка на податоците .......... 64

**Наоди** .......... 66

**Дискусија** .......... 72

**Резиме** .......... 87

**Summary** .......... 91

**Користена литература** .......... 94

**Прилози** .......... 105

**Прилог 1** .......... 105

**Прилог 2** .......... 107

**Прилог 3** .......... 109

**Прилог 4** .......... 110

**Прилог 5** .......... 111

# ВОВЕД

Промените предизвикани од индустријализацијата во последните декади, претставуваат поттик за преиспитување на природата на развојните процеси околу адолесценцијата и возрасноста, од страна на научниците кои го проучуваат развојот, во сè повеќе земји низ светот.

Со зголемувањето на должината на животниот век во европските и северно американските држави и со системите на социјална и здравствена заштита, процесот на станување возрасна единка е посложен и подолг (Negru-Subtirica, 2012).

Во споредба со минатото, кога задачите на воспоставување на психолошка и практична независност биле поврзани, една повлекувајќи друга (завршување на образованието, вработување, стапување во брак и формирање на семејство), а сето тоа се случувало до раните дваесетти години, денешните млади единки може да го напуштат нивниот родителски дом на 18 или 19 години. Сепак, најголемиот дел од нив немаат постојана работа, не стапуваат во брак и не стануваат родители сè до најмалку доцните дваесетти години (Arnett, 2004). Од нивните доцни тинејџерски години до нивните доцни дваесетти години, младите ги истражуваат достапните можности во љубовта, работата и погледите на свет, пред да направат конечни избори (Arnett, 2004, 2006).

Четирите револуциски промени што се случиле во минатиот век, и меѓу другото, довеле до продолжено време помеѓу адолесценцијата и возрасноста, се технолошката револуција, сексуалната револуција, движењето на жените и движењето на младите.

Големата технолошка револуција ја претставува транзицијата од економијата на производство кон економијата на знаење. За новите работни места на економијата на знаење, продолжувањето на образованието после завршувањето на средното училиште стана неопходно. Сè повеќе луѓе го продолжуваат образованието, а тоа доведува и до подоцнежно вработување, а мноштвото млади

преферираат да стапат во брак и да формираат семејство откако ќе се здобијат со постојана работа (Arnett, 2015).

Втората револуција е сексуалната. Изумот на ефективните контрацептивни средства ја прекина врската помеѓу сексуалноста и репродукцијата за прв пат, а со тоа се прекина и врската помеѓу сексуалноста и бракот. Возраста за стапување во брак почна да се зголемува, а возраста за првите интимни врски започна да се намалува.

Третата револуциска промена е движењето на жените. Во средината на минатиот век имало два пати повеќе мажи од жени кои биле запишани на факултет, а жените чувствувале голем притисок да се омажат, бидејќи можностите за професионално напредување не биле достапни за нив. Денес, бројката на високообразовани мажи и жени се изедначува, а во некои земји инволвираноста на жени во универзитетското образование е и поголема, во споредба со мажите (Arnett, 2015).

Четвртиот револуциски пресврт е движењето на младите. Во минатото, да се биде возрасна единка означувало општествен статус и авторитет. Во денешните општества младоста стана почитувана. Младите луѓе не брзаат да станат возрасни и преферираат да ја продолжат младоста колку што можат и да уживаат додека трае (Arnett, 2015).[1]

Сите четири промени резултираа со нов, развојно дистинктивен стадиум на животниот век - настанување на возрасноста (анг.: emerging adulthood), концепт предложен и образложен од Арнет во списанието „Американски психолог“ во 2000 година (Arnett, 2000).

Настанувањето на возрасноста е животен период кој ја опфаќа возраста од околу 18/19 до 30 години и е субјективно различен од адолесценцијата (поради ослободеноста од надзорот на родителите и правните ограничувања), како и од возрасноста (бидејќи сè уште не се преземаат традиционалните возрасни улоги). Арнет открил пет

---

[1] Се чини дека овие револуциски промени, преку процесот на глобализација имаат одраз и во нашата земја.

димензии кои го карактеризираат овој животен период: истражување на идентитет, нестабилност, фокусираност на себеси, чувствување „помеѓу“ и отвореност (Hill et al., 2015).

Многу истражувања во различни земји имаат тенденција да обезбедат докази за присутноста на периодот на настанувањето на возрасноста.

## Истражувачки проблеми и цели на истражувањето

Земајќи предвид дека периодот на настанувањето на возрасноста е актуелен предмет на интерес во истражувањата од областа на науката за развојот, од аспект на влијанието на социодемографски фактори врз искуствата на младите поединци, се поставуваат следните проблеми:

1. Каква е поврзаноста на возраста и полот со димензиите на настанување на возрасноста и со чувството на постигната возрасност?

2. Како младите возрасни од машки и женски пол на возраст од 19 до 30 години го перципираат процесот на постигнување на возрасноста?

Со овој истражувачки труд, пред сè, се утврдува дали предложениот концепт на дистинктивен период на човековиот развој е присутен и во нашата земја. Фокусот на истражувањето се однесува на степенот до кој младите мажи и жени на возраст од 19 до 24 (младост) и на возраст од 25 до 30 години (рана возрасна доба)[2] се разликуваат во нивната идентификација на себеси со карактеристиките на периодот на настанувањето на возрасноста, како и на разликите во начинот на перцепцијата на чувството на постигнување на возрасноста.

Апликативната цел на трудот е да даде понатамошни сугестии и насоки кои би придонеле младите возрасни да ја зголемат својата свесност за сликата за себе и промените кои ги носат развојните задачи на овој животен период, а воедно би ги поттикнале креаторите на општествени политики да се стремат кон создавање можности за успешен премин на младите во периодот на возрасноста.

---

[2] Избрана е оваа концептуална поделба на возраста, бидејќи овозможува најголема разбирливост во однос на потребната споредба во истражувачките хипотези.

# ТЕОРИСКА ПОЗАДИНА

## Теориски придонеси од минатиот век

Пред да се организира научното истражување во посебно поле на интерес под терминот настанување на возрасноста, во минатиот век веќе имало теориски обиди за објаснување на развојот на младите од доцните тинејџерски до дваесеттите години.

Првиот теориски придонес бил направен од страна на Ерик Ериксон (Erikson, 1950, 1968; според Arnett, 2000). Во неговата теорија на психосоцијален развој, се зборува и за *пролонгирана адолесценција*, типична за индустријализираните општества и за *психосоцијален мораториум*, одобрен за младите луѓе во таквите општества „кога младиот возрасен преку слободно истражување на улоги наоѓа соодветно место во некоја област од општеството". Тоа значи дека Ериксон го разликувал, без именување, периодот кој што на некои начини е адолесценција, а на некои начини возрасност, период во кој посветувањата и одговорностите карактеристични за возрасните се одложуваат, додека истражувањата на улоги што започнуваат во адолесценцијата, продолжуваат и всушност се интензивираат.

Друг теориски придонес претставува работата на Даниел Левинсон (Levinson, 1978; според Arnett, 2000). Во својата теорија на транзиции, периодот помеѓу 17 и 33 години, го нарекол *почетна фаза* на развој и тврдел дека најважната задача на оваа фаза е да се премине кон возрасниот свет и да се изгради постојана животна структура. За време на овој процес, според Левинсон, младата единка искусува значајна количина на промена и нестабилност додека избира помеѓу различни можности во љубовта и работата во текот на воспоставувањето на животната структура. Левинсон, исто така, потврдил дека неговата концепција на почетна фаза е слична со идеите на Ериксон за истражувањата на улоги во склоп на психосоцијалниот мораториум.

Покрај развојните теории на Ериксон и Левинсон, позната е и теоријата на *младост* од Кенет Кенистон (Keniston, 1971; според Dutra-Thomé, 2013). Кенистон ја концептуализирал младоста како период на континуирано истражување на улоги помеѓу адолесценцијата и возрасноста, а под влијание на тогашните движења на младите, ја истакнал „тензијата помеѓу единката и општеството" и „одбивањето на социјализацијата". Но, последната интерпретација повеќе претставува рефлексија на дадениот историски период, отколку што укажува на трајни карактеристики на еден животен период (Arnett, 2000, 2004). Исто така, терминот „младост" е проблематичен поради неговата долга употреба во англиската литература како ознака за детство, а подоцна и за адолесценција, а воедно за тие цели сѐ уште се користи од страна на многу научници (Arnett, 2004). Изборот на Кенистон на двосмислениот и збунувачки термин „младост" е делумно објаснување зошто идејата за доцните тинејџерски и дваесеттите години да станат дистинктивен развоен период не била прифатена од научниците (Arnett, 2004).

Во руската психолошка литература истакната е онтопсихологијата на Ананјев, која претставува учење за индивидуалниот психички развој (Ананьев, 1980а; 1980б; 2000; 2007б; 2010; според Јанаков, 2015). Во неговата теорија воведен е концептот *рана младост*, како посебна етапа помеѓу адолесценцијата и младоста. Според Ананјев, распределбата на адолесценцијата и на младоста како посебни периоди, кои ги одделува периодот на рана младост, истакнува нови особености за развојот на психофизиолошките карактеристики (Ананьев, 2001). Карактеристично за оваа теорија е тоа што Ананјев не определува времетраење на етапите, односно смета дека тоа е сложено поради: 1) разновременоста на промените во текот на индивидуалниот развој, и 2) возрасната и индивидуалната варијабилност. Со други зборови, постојат огромни индивидуални разлики во општиот и во развојот на посебните функции и потсистеми на човекот. Особеностите на иста хронолошка возраст во различни средини и историски епохи не се универзални. Секој развоен период е определен од историјата на единката, а таа е индивидуална.

## Настанување на возрасноста

*„Настанувањето на возрасноста е период од животот, кога остануваат возможни многу различни насоки, кога малку е одлучено за иднината, кога подрачјето на независно истражување на можностите на животот, за повеќето луѓе, е поголемо од кој било друг период од животниот век."* - истакнува Џефри Џенсен Арнет, кога за прв пат го предложил и образложил концептот *настанување на возрасноста* како дистинктивен период на човековиот развој, објавен во списанието „Американски психолог" во 2000 година (Arnett, 2000, стр. 469)

Дефинирањето на дистинктивниот чекор кон возрасноста од страна на Арнет, по кратко време беше широко прифатено од истражувачката заедница поради овозможеноста за истакнување на особен карактер на поединечен период (Buhl & Lanz, 2007). Со теориската рамка на настанувањето на возрасноста, се препознава дека преминот кон возрасноста е доволно долг за повеќе да не се смета само како транзиција, туку како посебна етапа во текот на животниот век (Arnett, 2007). Слика 1 ја илустрира конфигурацијата на настанувањето на возрасноста.




Слика 1. Настанување на возрасноста како развојна етапа (преземено од Arnett, 2007)

Поимот *настанување на возрасноста* се однесува на периодот помеѓу времето кога единката смета дека го започнала преминот кон возрасноста и времето кога смета дека станала возрасна на когнитивен, емоционален и бихевиорален план (Arnett & Taber, 1994). Во текот на овој временски интервал, се поставуваат нови предизвици за индивидуата во однос на регулацијата на себеси, воспоставувањето на идентитет и развојот на индивидуалното значење (Sherrod, 1996; според Shulman et al., 2005).

Во индустријализираните држави, нормативните развојни задачи за единките се поместени од објективни (вработување, стабилизација и стекнување финансиска независност) кон субјективни, кои го земаат предвид прашањето „Кој/а сум јас и како сакам мојот живот да изгледа?" Ова поместување е рефлектирано во неколку фактори кои го издвојуваат настанувањето на возрасноста од другите животни етапи и од поранешните возрасни генерации. Трите најистакнати карактеристики се однесуваат на демографската непостојаност, промените во субјективните перцепции на себеси и продолжените периоди на испитување на идентитетот (Arnett, 2000; според Lane, 2015).

Првиот начин на кој периодот на настанувањето на возрасноста се разликува од останатите животни етапи е во поглед на демографијата. Во последните неколку декади, барем што се однесува на западните култури, прилично зголемен е бројот на млади кои го напуштаат домот, но повторно периодично се враќаат неколку пати; се запишуваат на факултет веднаш по завршувањето на средното училиште; го одложуваат стапувањето во брак и формирањето семејство; периодот на студирање го продолжуваат и ги менуваат професиите (Lane, 2015). Во споредба со другите возрасни групи, демографските статуси на младите возрасни денес се менуваат со мала предвидливост (Arnett, 2000).

Вториот доказ дека настанувањето на возрасноста е уникатен развоен период е амбивалентноста што ја чувствуваат младите возрасни околу нивниот возрасен статус (Nelson, Badger & Wu, 2004). Настанувањето на возрасноста претставува период на „чувствување помеѓу", за време на кој индивидуите не се повеќе адолесценти, но сè уште не се идентификуваат ниту како возрасни. Младите возрасни го перципираат нивниот напредок кон возрасноста како долг и постепен (Arnett, 2000).

Третата дистинкција на настанувањето на возрасноста е пролонгираниот период на експлорација на идентитетот (Arnett, 2000). Земајќи ја предвид ослободеноста од животните обврзаности и долготрајните следствености на изборите кои што треба да се направат за

време на настанувањето на возрасноста, оваа животна етапа претставува можност да се случи значаен развој на идентитетот (Gerstacker, 2010; според Lane, 2015). Вклученоста во истражувањето на идентитетот резултира во одложување на донесувањето трајни одлуки во поглед на улогите на возрасноста (Schulenberg, Bryant & O'Malley, 2004; според Lane, 2015).

Периодот на настанувањето на возрасноста не се одликува со стандардни карактеристики, во споредба со социодемографската хомогеност присутна во адолесценцијата и возрасноста (Dutra-Thomé & Koller, 2014). За разлика од периодот на адолесценцијата (кога единките ги искусуваат промените поврзани со пубертетот, учат во средно училиште, живеат со родителите и се надгледувани од другите возрасни) и периодот на возрасноста (кога поединците се фокусираат на други, т.е. стапуваат во брак, имаат деца и се вработени со постојана работа), периодот на настанувањето на возрасноста е демографски хетероген, без јасно определена нормативна рамка. Доколку се опсервираат младите возрасни индивидуално, патеките кон независноста се единствени и мноштвото од нив се комплексни и не се линеарни. Во текот на нивното насочување кон возрасноста, младите се движат напред, но и назад и сите на свој начин (Tanner, 2009). Слика 2 ја прикажува реверзибилноста на преминот кон возрасноста.

Адолесценција ↔ Возрасност

Слика 2. Премин кон возрасноста како двонасочна траекторија (преземено од Dutra-Thomé, 2013)

Разнообразието на настанувањето на возрасноста денес, делумно е одраз на ослободеноста на младите од структурираните општествени норми и правила во врска со преминот кон возрасноста (Arnett, 2006). Кога општествените граници се широки, како што е случај во овој животен период, дозволено е изразувањето на релативно големи

индивидуални разлики во склад со индивидуалните тенденции и преференции (Arnett, 1995). На пример, адолесцентите „би требало“ сѐ уште да не се во долготрајна романтична врска, а возрасните единки после триесет годишна возраст „би требало“ да имаат партнер, но за младите возрасни прифатливо е да бидат во сериозна врска, да бидат сами или да бидат во делумно посветена врска. Настанувањето на возрасноста е време кога мноштвото млади се чувствуваат слободно за да ги следат нивните интереси и желби, што ги водат кон исклучително широк опсег на правци (Arnett, 2006).

## Димензии на настанување на возрасноста

Арнет (Arnett, 2004), базирајќи се на квалитативни и квантитативни наоди, идентификувал пет главни димензии на периодот на настанување на возрасноста. Периодот на настанување на возрасноста се карактеризира со: 1) *зголемено истражување на идентитети*, бидејќи младите ги интегрираат интересите и преференциите со достапните можности; 2) *зголемено ниво на перципирана нестабилност*, поврзана со промените и непредвидливоста на иднината кои младите ги искусуваат за време на експлорацијата; 3) *повисока фокусираност на себеси*, поради необврзаноста (сѐ уште не се во брак и немаат постојана работа), младите се насочуваат кон откривање и дефинирање на себеси; 4) *пораст на перцепцијата на можностите за експериментирање*, бидејќи младите имаат тенденција да го перципираат овој период како оптимистичен поради тоа што различни можности за работа, потенцијални партнер(к)и и други општествени одговорности остануваат како можни избори; 5) *субјективни перцепции на постоење „помеѓу“ адолесценцијата и возрасноста* – младите чувствуваат „амбивалентност“ предизвикана од истовремено поседување на карактеристики на адолесценти и на возрасни (Reifman, Arnett & Colwell, 2007).

Авторите на Инвентарот за димензии на настанување на возрасност, освен петте субскали засновани врз димензиите на настанувањето на

возрасноста, ја додале и димензијата фокусираност на други, како карактеристика на постигнатата возрасност[3] (Reifman, Arnett & Colwell, 2007).

## *Истражување на идентитет*

Истражувањето на идентитетот е основниот столб на настанувањето на возрасноста. Младите го истражуваат идентитетот во различни полиња, особено во љубовта и работата, како почеток на донесувањето долготрајни одлуки, со што ја поставуваат основата за нивниот живот во периодот на возрасноста (Arnett, 2004, 2006). Во текот на испитувањето на можностите во љубовта и работата, младите стекнуваат разбирање околу тоа кои се тие, кои се нивните способности и ограничувања, кои се нивните верувања и вредности и како се вклопуваат во општеството (Arnett, 2017).

Иако развојот на идентитетот започнува во адолесценцијата, во денешните индустријализирани земји, врвот на неговиот развоен интензитет се достигнува во периодот на настанувањето на возрасноста (Arnett, 2014).

Адолесцентната љубов има тенденција да биде пробна и привремена. Имплицитното прашање на адолесцентите е „Со кого би уживал/а да бидам сега и овде?“ Во спротивно, истражувањата во љубовта во периодот на настанувањето на возрасноста вклучуваат подлабоко ниво на блискост и имплицитното прашање е во поголем степен фокусирано на идентитетот: „Каков поединец сум и каков поединец најмногу ќе ми одговара како партнер низ животот?“ (Arnett, 2004). Романтичните врски на младите возрасни имаат тенденција да траат подолго, да бидат поинтимни и да вклучуваат кохабитација (Michael et al., 1995; според Nelson, Badger & Wu, 2004). Партнерите започнуваат да се избираат

---

[3] Во согласност со добиениот резултат за внатрешна хомогеност на субскалата чувствување „помеѓу“ од пилот-истражувањето на македонската популација, дадената димензија нема да биде обработувана во овој истражувачки труд.

меѓусебно, раководејќи се според своите вредности, цели и потенцијал за долготрајна сатисфакција (Arnett, 2015; според Trible, 2015).

И во полето на работата има сличен контраст помеѓу краткотрајните и пробните експлорации во адолесценцијата и посериозните и на идентитет фокусирани експлорации на настанувањето на возрасноста. Во периодот на адолесценцијата, привремената работа служи за стекнување на парични средства за активности во слободното време. Додека пак, за време на настанувањето на возрасноста, работните искуства стануваат пофокусирани кон воспоставување на темелот за посакуваната професија (Arnett, 2006). Во истражувањето на работните и образовните можности, младите возрасни ги испитуваат и прашањата на идентитетот: „Во која работа сум добар/а? Каква работа би ми била долготрајно задоволувачка? Кои се шансите да се вработам во областа што се чини дека најдобро ми одговара?“ Младите возрасни ги користат можностите за стекнување дополнително знаење и искуство, како привремени работни ангажмани, практикантство, младински размени, постдипломски студии, програми за студирање надвор од државата. Во овој период младите осознаваат и во која работа не се добри и која работа не би ја сакале (Arnett, 2004).

Младите возрасни ја истражуваат и нивната идеологија. Ослободени од влијанието на родителите, младите ги преиспитуваат вредностите и верувањата и развиваат сопствени погледи на свет. Во текот на овие испитувања, младите ги утврдуваат сличностите и разликите со погледите на родителите (Arnett, 2006; според Wider et al., 2014).

## *Нестабилност*

Освен што експлорациите на младите возрасни и нивните променливи избори во полето на работата, образованието, љубовта и местото на живеење придонесуваат овој животен период да биде стимулативен и полн со настани, неизбежно го карактеризираат и со нестабилност (Arnett, 2004, 2006; Dutra-Thomé, 2013; Hill et al., 2015).

Младите се свесни дека е потребно да имаат план, односно некаква идеја за правецот по кој ќе се движат кон возрасноста и мноштвото од нив започнуваат со одредена замисла. Како и да е, речиси за сите нив, планот е предмет на бројни ревизии во текот на настанувањето на возрасноста, во зависност од условите и желбите (Arnett, 2015). Со секоја ревизија на планот, тие учат нешто за себе и надежно се упатуваат кон осознавање на типот на посакуваната иднина (Arnett, 2004).

Добра илустрација на нестабилноста се промените на станбените околности, кои се рефлектирани во истражувањата на различните можности. Младите возрасни се отселуваат од домот за студирање во друг град, искусувајќи „полуавтономија" додека сè уште се потпираат на родителската поддршка, го напуштаат домот за да одат да работат или заминуваат да живеат со партнер/ка (Arnett, 2011). Сепак, кога некој работен ангажман ќе им заврши или потребно им е дополнително образование или кога ќе им стават крај на романтичната врска, младите се враќаат кај родителите за емоционална и/или финансиска поддршка (Furstenberg et al., 2004). Некои млади воопшто не го напуштаат домот, но сепак ја искусуваат неконстантноста во нивното образование, работа или романтични врски (Douglass, 2005, 2007; според Arnett, 2017).

Во периодот на настанување на возрасноста, вознемиреноста карактеристична за адолесценцијата се намалува, но како нов извор на нарушување се појавува нестабилноста (Arnett, 2004). Задачата на младите е да научат како да им стане удобно во неудобноста. Флексибилноста, хуморот, трпеливоста, вербата и храброста се клучни за прилагодување на промените кои се дел од периодот на настанувањето на возрасноста (Trible, 2015).

### *Фокусираност на себеси*

Настанувањето на возрасноста е периодот помеѓу адолесцентното потпирање на родителите и долготрајните посветувања на љубовта и

работата во периодот на возрасноста, така што за време на овие години, младите возрасни се фокусираат на себеси, развивајќи го знаењето, вештините и разбирањето на себеси што ќе им биде потребно за животот како возрасна единка (Arnett, 2017).

Адолесцентите припаѓаат во семејниот систем, кој од нив бара да респондираат на дневна база. Учењето во средно училиште означува дека професорите поставуваат стандарди и го надгледуваат однесувањето и достигнувањето на адолесцентите (Arnett, 2004).

После триесеттата година, мноштвото возрасни се посветени на сопруг/а, деца и долготраен работодавач, така што сите овие врски наметнуваат дневни ангажирања и обврски (Arnett, 2006).

За време на настанувањето на возрасноста, мноштвото млади се обидуваат да одлучат што сакаат да прават, каде сакаат да одат и со кого сакаат да бидат (Munsey, 2006). Фокусираноста на себеси е привремена и претставува важен чекор во учењето да се биде самостоен (Arnett, 2014; според Hill et al., 2015). Младите учат да се грижат за самите себе, пред да се посветат кон грижа за други (Patterson, 2012; според Wider et al., 2014). Дури и младите кои остануваат да живеат со своите родители воспоставуваат понезависен животен стил, во споредба со адолесцентите (Arnett, 2017).

И младите возрасни имаат обврски кон семејството, пријателите и можеби образовните органи и привремени работодавачи, но таа обврзаност е помала, во споредба со онаа во идните животни етапи (Arnett, 2014).

Фокусираноста на себеси кај младите не претставува себичност и центрираност на себеси. Во овој животен период, за разлика од адолесценцијата, младите анализирајќи се себеси, стануваат повнимателни кон чувствата на другите луѓе и подобро ја разбираат туѓата гледна точка (Arnett, 2006). Овој квалитет особено е видлив во нивните врски со родителите. Во периодот на настанувањето на

возрасноста, младите ги перципираат родителите како поединци, а не само како родители и стекнуваат поголемо разбирање за нив (Arnett, 2004).

Исто така, за време на овој животен период, откривајќи се себеси, младите се вклучуваат кон придонесување за етиката на заедницата, преку волонтерска работа (Arnett, Ramos & Jenson, 2001; според Arnett, 2014).

### *Отвореност/Можности*

Настанувањето на возрасноста е возраст на можности, кога многу различни иднини остануваат достапни и кога малку за животната насока на единката е со сигурност одлучено (Arnett, 2004; Arnett, 2017). Сè додека не се направат конечни избори, отвореноста кон различни идни животни исходи е присутна кај младите. Мноштвото на млади возрасни веруваат дека ќе го постигнат тоа што го сакаат во животот и очекуваат дека нивните животи ќе бидат подобри од животите на нивните родители (Arnett & Schwab, 2012; според Syed & Mitchell, 2013).

Едниот од двата начини на кој овој животен период е време на можности, е големиот оптимизам и очекувања на младите за иднината. Причината делумно е тоа што надежите на младите сè уште не се цврсто анализирани врз основа на реалноста (Arnett, 2006). Уште една важна причина за нивниот оптимизам е тоа што многу од нив стекнуваат повисоко образование од нивните родители (Arnett, 2014).

Вториот начин на кој настанувањето на возрасноста е возраст на можности, е тоа што претставува пресудна прилика за младите кои искусиле тешки семејни услови, да се отселат од домот и да започнат да управуваат со нивните животи во различна и поволна насока, пред да го започнат структурираниот живот на возрасен поединец (Arnett, 2006).

Дури и за младите кои доаѓаат од семејства што се релативно среќни и здрави, настанувањето на возрасноста е поволна прилика за

трансформација на себеси, во поглед на тоа да престанат да го градат идентитетот според сликите на нивните родители, а да започнат да донесуваат независни одлуки за тоа какви единки посакуваат да бидат и како сакаат да живеат (Arnett, 2004).

Без разлика на семејната подлога, сите млади возрасни ги носат со себе семејните влијанија откако ќе го напуштат домот, што претставува ограничување на степенот до кој можат да го променат она што биле до крајот на адолесценцијата (Arnett, 2006). Како и да е, повеќе од кој било друг животен период, настанувањето на возрасноста нуди широк спектар на можности за промена на младите (Arnett, 2004). За време на овој период исполнувањето на надежите изгледа возможно, бидејќи опсегот на нивните избори за тоа како да се живее е поголем во споредба со тоа што бил и со тоа што повторно некогаш ќе биде (Arnett, 2006).

### *Фокусираност на други*

Димензијата фокусираност на други е карактеристична за постигнатата возрасност. Откако младите возрасни го завршиле образованието, истражиле различни кариерни патеки и ја откриле онаа која најмногу им одговара, стекнале финансиска независност, ја пронашле особата со која сакаат да бидат заедно, добро се запознале себеси, го изградиле својот идентитет, или го постигнале нивото на зрелост, така што можат разумно да расудуваат, да проценат што е правилно и да преземат одговорност, се чувствуваат подготвено да се посветат на долги врски со други, во љубовта и работата (Arnett, 2006).

## Чувство на постигната возрасност

### *Субјективна психичка возрасност*

Настанувањето на возрасноста треба да се гледа како една етапа со многу патеки, што значи дека завршетокот на настанувањето на

возрасноста има голема веројатност да се случи во различно време за различни луѓе, во зависност од нивната концепција за возрасноста (Arnett, 2015). Бидејќи надворешните показатели на возрасноста се во поголема мера флексибилни и варијабилни, за разлика од минатото, станувањето на возрасен поединец денес, повеќе е внатрешна промена отколку што е видлив квалитет (Trible, 2015).

Показателите на возрасноста кои се во најголема мера одобрени, од анкетираните припадници на разновидни популации, се оние кои претставуваат стекнување независност од други (особено од родителите) и осознавање да се биде самостојна единка. Трите главни критериуми за постигната возрасност во повеќе истражувања, се преземање на одговорност за себе, донесување на независни одлуки и стекнување финансиска независност (Arnett, 1994, 1997, 1998, 2001, 2003, 2014; според Zhong & Arnett, 2014).

Други истакнати психолошки показатели за постигната возрасност кои се појавуваат во некои истражувања се способноста за контрола на сопствените емоции, грижа за други и воспоставување на рамноправен однос со родителите (Arnett, 2003; според Galambos, Turner & Tilton-Weaver, 2005).

Психолошките показатели на возрасноста се вклопуваат под името на концептот наречен *психосоцијална зрелост*. Психосоцијалната зрелост е термин кој се употребува за опис на општото ниво на адаптивно функционирање и социоемоционална компетенција. Освен способноста да се функционира независно, психосоцијалната зрелост вклучува и други достигнувања во развојни подрачја, како способност добро да се комуницира и заемно дејствува со други и да се поседува капацитет за општествена одговорност (Galambos & Costigan, 2003).

Се чини дека транзициите кон улогите на возрасноста ја губат релевантноста во обележувањето на влезот во возрасноста. Сепак, одредени студии покажуваат дека стекнувањето на семејните улоги и понатаму означува статус на возрасна единка за себеси и за другите, но и

во овие студии откриено е дека индивидуалистичките искуства се важни (Oesterle et al., 2010).

Како што поединецот напредува преку раниот дел на својот живот кон возрасноста, бројни искуства низ кои поминува, дејства кои ги презема, вештини и знаења кое ги стекнува во формалните и неформалните сфери, се смета дека го подготвуваат за автономна егзистенција во возрасноста (Petrogiannis, 2011).

Јасно е дека градењето на идентитет на возрасна единка претставува процес, а не посебен настан. Нема единствено искуство што некого го впушта во возрасноста. Наместо тоа, станува збор за поголема група на настани и постепена акумулација на искуства. Традиционалните улоги, особено бракот и родителството денес повеќе претставуваат кулминација на овој процес, отколку што го означуваат неговиот почеток. Поради тоа што овие индикатори не се случуваат до доцните дваесетти или раните триесетти години, проблематично е да се каже дека поединците на таа возраст не станале возрасни (Settersten, Ottusch & Schneider, 2015).

Моделот на составување на возрасен идентитет (анг.: The Confluence Model of Age Identity) сугерира дека транзициите кон улогите на возрасноста се совпаѓаат со акумулацијата на психолошките квалитети (Shanahan et al., 2000; според Johnson, Berg & Sirotzki, 2007). Тоа значи дека суптилните и нејасните аспекти на психолошкиот развој се случуваат кога младите возрасни акумулираат поконкретни транзиции и одговорности. Психолошкиот развој, за возврат може, исто така, да доведе до постигнување на традиционалните пресвртници (Lowe et al., 2013).

Се разбира, веројатно е дека овие процеси ќе бидат оформени од возраста и животните услови на поединецот. Повозрасните испитаници постојано изјавуваат дека се чувствуваат возрасно, но поголемото чувство на субјективна возрасност делумно би можело да биде поради поголемата веројатност дека традиционалните улоги се достигнати (Cohen et al., 2003).

## *Преземање на одговорност за себе*

Преземањето на одговорност за себе се покажа како еден од трите врвни критериуми за постигнување на возрасноста, судејќи според одговорите на испитаниците во истражувањата на Арнет и други научници (Arnett, 2011; според Zhong & Arnett, 2014).

Станувањето возрасна единка значи способност да се води сметка за сопствените одговорности и потреби и да не се бара потпора во други за сешто. Делумно, преземањето на одговорност за себе подразбира прифаќање на одговорноста за последиците од сопствените постапки, наместо да се бара вината во некој друг во ситуации кога работите ќе тргнат на лошо (Arnett, 2004). Одговорноста се смета за клуч до статусот на возрасна единка, поради тоа што силно асоцира на изграденост на идентитетот на индивидуата.

## *Донесување на независни одлуки*

Вториот најпоткрепен критериум на возрасноста е донесувањето на независни одлуки. За единката да се смета дека е возрасна, потребно е да применува независно расудување при донесување на помали и поголеми одлуки, кои се појавуваат во текот на секојдневниот живот. Станувањето возрасен поединец значи и поседување на слобода да се донесуваат одлуки и да се преземе контрола врз сопствениот живот, за разлика од адолесцентите, за кои други возрасни ја одредуваат насоката за тоа што да прават и како да направат нешто (Arnett, 1998).

Доменот на независното донесување на одлуки не ги вклучува само темите како место на живеење и тип на кариера, туку и помалку видливата област на верувања и вредности (Arnett, 2004). Исто како и прифаќањето на одговорноста, способноста да се донесуваат независни одлуки се одразува во однесувањето, но во суштина е квалитет на карактерот, дел од психолошкиот и моралниот идентитет (Arnett, 1998).

### *Финансиска независност*

Финансиската независност е третиот столб на статусот на возрасен поединец. И финансиската независност има конотации на индивидуализам, но за разлика од претходните два критериуми, таа е повидлива, поодредена и мерлива (Arnett, 1998). Воспоставувањето на независност од родителите е постепен процес, кој започнува во периодот на настанувањето на возрасноста, но главното „пробивање" кон возрасноста доаѓа со иселувањето од домот и можноста да се покриваат трошоците што ги наметнува секојдневниот живот (Arnett, 2004).

Во секој случај, мора да се напомене дека разликите помеѓу незападните и западните култури околу врските со родителите влијаат врз очекувањата и перцепциите за напредокот кон возрасноста. Иако врските помеѓу родителите и младите во западните култури се во потрага по баланс помеѓу автономијата и поврзаноста, степенот на автономија кој е дозволен и очекуван е значително поголем од незападните култури (Arnett, 1998; Settersten, Ottusch & Schneider, 2015).

### *Одговорност за други*

Станувањето возрасна единка означува помала ориентираност кон себе и поголема обѕирност кон другите (Arnett, 2004). Посветувањето внимание, чувството на должност за грижа за други и обврските кон нив, исто така, претставуваат дел од возрасноста. Обично оваа карактеристика се однесува на односот кон партнер/ка или деца, но исто така претставува и општ однос кон други луѓе (Hartley, 1991). Одговорноста опфаќа и избегнување на непромислено однесување кое би предизвикало штета на други (Arnett, 1998).

### *Општествена одговорност*

Општествената одговорност е чувство дека единката е обврзана да дејствува на начин што придонесува за целата заедница. Тоа значи дека единката има должност да одржува баланс во животната средина (Arnett, 2015). Оваа одговорност вклучува свесност за пошироката сфера, обиди за промена на нештата што не функционираат добро и давање придонес кон креирање на позитивни промени (Hartley, 1991).

### *Социјални показатели на возрасноста*

Една лонгитудинална студија укажува на тоа дека кај поединците кои ги искусиле транзициите на отселување од домот, вработеност и родителство, има поголема веројатност да се чувствуваат возрасно (Benson & Furstenberg, 2004). Чувството на возрасност зависи и од други социјални услови како образованието на родителите и примарната семејна структура. Поединците кои не биле одгледувани со два биолошки родители или имале родители кои не завршиле универзитетско образование, имаат поголеми шанси да се чувствуваат како возрасни во споредба со индивидуите кои доживеале други социјални услови (Fussel & Furstenberg, 2005).

Комбинацијата на одредени социјални услови е, исто така, важна. Поединците кои го напуштиле домот и се вработиле, се со поголема веројатност за поседување на чувството на возрасност, од оние кои се вработиле, но останале да живеат со родителите. Дополнително, откриено е дека индивидуите кои искусиле движење во обратен правец на одредени транзиции (на пр. враќање во домот на родителите) се со поголема веројатност да го изгубат чувството на возрасна единка, но сепак се чувствуваат поблиску до возрасноста, одошто пред да го напуштат домот за прв пат. Покажано е дека родителството има поголем ефект од завршувањето на образованието во создавањето на чувството на возрасност (Berg, 2007).

### *Правни показатели на возрасноста*

Овие показатели често се права и одговорности кои се дел од законот, одобрувани постепено за време на тинејџерските години и кулминираат со полнолетството. Тие претставуваат важни знаци за младиот поединец дека преминува во нова културална категорија на „возрасност“. Најголемиот дел од законите се чини дека ја употребуваат возраста како овластување за развојните статуси на индивидуите, иако начелата не се јасни. Поголемиот дел од овие судови се чини дека се вкоренети во претпоставките околу тоа кога младите се когнитивно созреани за да донесуваат „возрасни“ одлуки (Settersten, Ottusch & Schneider, 2015).

Неодамнешно истражување на мозокот, особено на развојот на префронталниот кортекс, отвора понатамошни прашања околу овие претпоставки. Според новите докази, овој дел од мозокот – кој е одговорен за решавање на проблеми, предвидување краткотрајни и долготрајни последици и регулирање на емоции и однесувања – не е целосно развиен до 25-годишна возраст. Ова откритие, исто така, го доведува во прашање применувањето на другите права и одговорности и носи импликации за разбирањето на однесувањето и неговите последици во стекнувањето на статусот на возрасна единка (Steinberg, 2012).

### *Станување возрасен поединец*

Во најголемиот дел од општествата, постигнувањето на возрасноста е ценет подвиг. Да се биде возрасен поединец значи да се има одреден авторитет, почит и дозвола за вклученост во активности кои се забранети за децата и адолесцентите. Младите возрасни се гордеат поради способноста за исполнување на одговорностите неопходни за независен живот на возрасен поединец. Тие уживаат во способноста самостојно да раководат со сопствениот живот и да донесуваат одлуки околу насоката на нивниот живот (Arnett, 2015).

Како и да е, многу млади возрасни чувствуваат амбивалентност околу постигнувањето на возрасноста. Добро е да се има слобода за раководење на сопствениот живот и задоволувачки е да се поседува способноста за справување со одговорностите на возрасноста. Но, заедно со нивната гордост во постигнувањето на возрасноста, се и стравот и колебливоста (Arnett, 2006). Делумно, амбивалентноста резултира од разбирањето дека одговорностите на возрасните може да бидат тешки и иритирачки. Другиот извор на нивната амбивалентност е тоа што младите го поврзуваат станувањето на возрасна единка со стагнација. Во овој поглед, да се постигне возрасноста значи крај на забавата, спонтаноста и индивидуалниот раст. Третата причина за амбивалентноста доаѓа кога младите размислуваат за тоа како нивниот живот се променил по завршувањето на средното образование. Тие сфаќаат дека стресовите се посериозни и се законски, во споредба со периодот на учење во средното училиште. Но, исто така, сфаќаат дека сега имаат и поголеми способности за справување со стрес и способноста за справувањето со предизвиците на новите одговорности им носи задоволство (Arnett, 2004).

Петте димензии на настанувањето на возрасноста се почетни состојби кои се во менување, така што постојат комплетирани состојби за секоја почетна состојба. Фокусираноста на себеси станува фокусираност на други, нестабилноста станува стабилност, чувствувањето „помеѓу“ станува чувство на возрасност, експлорациите на идентитет стануваат постигнат идентитет и можностите стануваат доживеани искуства (Dutra-Thomé, 2013).

Сликата на единка што се чувствува возрасно вклучува изграден идентитет преку доживеани искуства, постојаност во работата и љубовта и фокус кон добросостојбата на други. Имајќи ги достигнато овие цели, возрасната единка, исто така, се чини дека донесува самостојни одлуки, ја прифаќа одговорноста за нив и поседува финансиска независност. Доколку ова е идеализирана слика на успешен и балансиран возрасен

поединец, тогаш можеби потрагата по оваа визија на возрасноста е доживотен процес. Доколку тоа е случај, станувањето возрасен поединец, би можело едноставно да значи преминување на прагот кон станување возрасен во поголема мера во споредба со „невозрасен“ поединец (Trible, 2015).

Станувањето возрасна единка значи прифаќање и чувство на задоволство со реалноста. Дел од она што означува да се биде возрасен поединец е формирањето на сопствени избори и прекинот на постојана надежност за нешто подобро. Тоа вклучува и сфаќање дека опсегот на можностите не е неограничен (Arnett, 2015). Поединците сфаќаат дека не можат да го добијат токму она што го сакале и одлучуваат тоа што можат да го имаат да го ценат како доволно добро. Во своите истражувања, Арнет открил дека поединците чувствуваат олеснување како што се приближуваат кон триесеттата година и се стабилизираат во полето на љубовта и работата. Младите стануваат уморни од промена на работни места и партнер(к)и и копнеат по постојаност кога се приближуваат кон оваа возраст. Додека пак, поединците кои сè уште не се обврзале, често се чувствуваат дека биле „оставени“ на патот кон возрасноста. Единката е возрасна кога ќе стане свесна дека сонот е една работа, а реалноста е друга работа, но сепак смета дека реалноста е одлична (Arnett, 2015; според Lebowitz, 2015).

## Возраста како социодемографски фактор

Периодот на настанување на возрасноста ја опфаќа возраста од 19 до 30 години. Овој животен период е именуван *млади возрасни или млади.*

Младите од 19 до 24 години припаѓаат во адолесцентниот потпериод - доцна адолесценција, кој е составен дел од следниот период на премин кон рана возрасна доба (Мурцева-Шкариќ, 2011). Во овој потпериод, младите се во процес на созревање и тежнеат кон независност од

родителите и градат визија за целите во животот поврзани со професијата, стекнувањето материјални добра и слично.

Младите на возраст од 25 до 30 години влегуваат во светот на возрасните и преминуваат кон раната возрасна доба. Овој период кај младите возрасни е постепено постигнување на возрасноста. Единката трага по влез во сферата на трудот и настојува да воспостави посебни лични врски, како на пример, стапување во брак. Младиот возрасен се обидува да направи покохерентна структура на вредносниот систем, на социјалните улоги и на припаѓањето на групи. Ги систематизира своите одговорности кон другите, почнува да работи и мечтае да напредува во кариерата (Мурџева-Шкариќ, 2010).

## Полот како социодемографски фактор

Според прирачникот за објавување на Американската психолошка асоцијација, полот се однесува на општествено конструираните улоги, активностите, ставовите, чувствата и однесувањата кои дадена култура ги поврзува со мажите и жените (American Psychological Association [APA], според Mills, 2011).

Мажите и жените се учат на одредени норми и однесувања кои се пренесуваат од генерација на генерација преку социјализацијата, вклучувајќи како треба да дејствуваат со другите од истиот или спротивниот пол во домаќинството, заедниците или работните места (World Health Organization, 2011).

Терминот *полова разлика* се однесува на оние разлики на просечната група помеѓу мажите и жените, кои најверојатно се должат на сексуално мономорфни психолошки адаптации со културално диморфна социјализација (Mills, 2011).

# РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА

Искуствата на младите и нивните погледи во врска со преминот кон возрасноста претставуваат фокус на бројни студии од областа на науката за развојот, особено изминатите години.

*Карактеристиките на периодот на настанување на возрасноста* се истражувани во повеќе земји преку Инвентарот за димензиите на настанувањето на возрасноста (Reifman, Arnett & Colwell, 2007).

Наодите од една романска студија на средношколци и студенти во прва и втора година (N=535, 237 средношколци, 298 студенти) укажуваат дека за разлика од средношколците, кај студентите има поголема изразеност на димензиите отвореност/можности и фокусираност на други (Negru-Subtirica, 2012).

Во бразилска студија, во која биле вклучени млади возрасни на возраст од 18 до 29 години (N=547, 196 машки и 351 женски), Дутра-Томе, (Dutra-Thomé, 2013), земајќи ги предвид трите кариери на возрасноста (работа, брак и родителство) и трите нивоа на перцепција на статусот на возрасен (возрасен сум, се чувствувам „помеѓу" и не сум возрасен), ги поделила младите возрасни во пет споредбени групи: 1. Возрасни (N=37), група која вклучува испитаници кои одговориле дека се чувствуваат возрасно и имаат исполнето барем две од трите кариери на возрасноста; 2. Самоперципирани возрасни (N=37), формирана од испитаници кои одговориле дека се чувствуваат дека се возрасни, но немаат исполнето ниту една кариера на возрасноста; 3. Млади возрасни (N=311), вклучувајќи ги оние кои одговориле дека се чувствуваат „помеѓу" и некои немале, а некои имале исполнето една кариера на возрасноста; 4. Неподготвени возрасни (N=32), група основана од испитаници кои одговориле дека не се чувствуваат возрасно, но имаат исполнето барем една кариера на возрасноста; 5. „Невозрасни" (N=51), млади возрасни што не се чувствуваат возрасно и немаат исполнето ниту една кариера на возрасноста. Според наодите, кај возрасните имало

повисоки скорови во поглед на димензијата фокусираност на други во споредба со самоперципираните возрасни, младите возрасни, неподготвените возрасни и „невозрасните“.

Во истражување спроведено во Полска (N=684), на 349 лица во доцна адолесценција, од 17 до 19 години, 207 млади возрасни од 20 до 29 години и 128 возрасни од 30 до 34 години, со полската верзија на инвентарот за пет димензии на настанување на возрасноста (субскалата фокусираност на други е отстранета), откриено е дека истражувањето на идентитет кај младите возрасни е слично застапено како во доцна адолесценција, но значително повеќе застапено во споредба со возрасните (Oleszkowicz & Misztela, 2015).

Во малезиска студија кај студенти од прва година (N=108), истражувачите ги поделиле испитаниците во две групи во согласност на тоа како го перципираат нивниот статус на возрасна единка, и тоа самоперципирани возрасни (27,8%) и млади возрасни кои не се перципираат потполно како возрасни (73,2%). Според наодите, кај младите возрасни била поизразена димензијата истражување на идентитет, во споредба со самоперципираните возрасни. Додека, пак, фокусираноста на други била поголема кај самоперципираните возрасни (Wider et al., 2015).

Истражувањето на млади возрасни од 18 до 21 година (N=958), спроведено во Холандија, открива дека на холандската верзија на инвентарот за димензии на настанување на возрасноста (скратена на 24 ајтеми), најниските скорови биле изразени за димензиите негативност/ нестабилност и фокусираност на други, означувајќи дека периодот на настанувањето на возрасноста е позитивно искуство за младите возрасни од Холандија, со фокусираност на себеси, експериментирање и истражување на идентитет (Hill et al., 2015).

Димензиите на периодот на настанување на возрасноста се испитувани и во Австрија (N=317, млади возрасни од 20 до 29 години). Наодите укажуваат дека највисоки скорови се добиени за димензиите истражување на идентитет, отвореност/можности, потоа за

фокусираност на себеси, а нешто пониски за димензиите фокусираност на други и негативност/нестабилност (Sirsch et al, 2009).

Во некои истражувања е опфатена и *поврзаноста на преминот кон возрасноста и полот*.

Наодите добиени во студија на млади возрасни од 18 до 30 години во САД, укажуваат дека кај жените е поверојатен преминот кон многукратни улоги на возрасноста истовремено, на пример комбинирање образование, работа и родителство, додека кај мажите е поверојатна последователната транзиција во различни домени, на пример комплетирање на образованието пред да се започне со работа, да се стапи во брак и да се стане родител (Oesterle et al., 2010).

Резултатите од истражување на 136 млади возрасни од 24 до 26 години во Шведска, откриваат дека поголемиот дел од жените веќе донеле одлуки што им го дефинирале идентитетот, односно пројавиле постигнат идентитет после процесот на експлорација, за разлика од мажите, од кои повеќето сѐ уште не го истражиле идентитетот и не донеле одлуки преку кои би дошло до негово дефинирање, т.е. изразиле дифузен идентитет (Frisén & Wängqvist, 2011).

Во 2013 година, во списанието „Церебрален кортекс" е објавена студија од научници на Универзитетот Њукасл во Англија, во која пронајдено е дека мозоците на девојчињата, побргу поминуваат низ процесот на реорганизација и може и за 10 години порано од момчињата да ја постигнат созреаната состојба за процесирање на околината, како дел од нормалниот развој. Истражувачите заклучуваат дека ова може да е објаснението на тоа што жените генерално побргу созреваат во одредени когнитивни и емоционални области (Bergland, 2013).

Во САД, во 2015 година, утврдено е дека во просек жените стапуваат во брак на 27,1 години, а мажите на 29,2 години. Во Македонија, според Заводот за статистика, во 2016 година, просечната возраст при склучување брак е 26,5 години за жената и 29,3 години за мажот.

Од друга страна, во претходно наведеното грчко истражување пак, забележано е дека повеќе машки од женски студенти сметаат дека го достигнале статусот на возрасна личност (57.5% наспроти 32.8%) (Petrogiannis, 2011).

За разлика од претходните студиски наоди, во погоре споменатото малезиско истражување на бруцоши, не се пронајдени значајни разлики помеѓу машките и женските во перципираниот статус на постигната возрасност (Wider et al., 2015).

Спроведени се повеќе студии во поглед на *поврзаноста на чувството на постигната возрасност и возраста.*

На примерок од американски студенти (N=346) и млади возрасни од 21 до 28 години (N=140), 27% од студентите се изјасниле дека ја постигнале возрасноста, 10% воопшто не се чувствувале возрасно, а мнозинството (63%) на некои начини се чувствувале дека се возрасни, на некои не. За разлика од студентите, младите возрасни се изјасниле: 63% „да", 2% „не" и 35% „на некои начини да, на некои не". Опсегот на млади возрасни кои се изјасниле со „да" се зголемувал со возраста и тоа: 53% помеѓу младите на возраст од 21 до 24 години и 71% помеѓу младите од 25 до 28 години (Arnett, 1997).

И наодите од американската студија кај средношколци на возраст од 13 до 19 години (N=171), млади возрасни на возраст од 20 до 29 години (N=179) и возрасни на возраст од 30 до 55 (N=165) одат во слична насока. Пронајдено е дека 86% од возрасните се чувствуваат дека ја постигнале возрасноста во споредба со 46% млади возрасни и само 19% средношколци. Една третина од средношколците одговориле дека воопшто не се чувствуваат возрасно, во споредба со само 4% од младите возрасни и 2% од возрасните. И за средношколците (48%) и за младите возрасни (50%) најголемиот процент на одговори бил дека на некои начини се чувствуваат возрасно, на некои не, за разлика од возрасните (12%) (Arnett, 2001).

Во студија на млади возрасни од 18 до 35 години (*N*=726) од САД, во согласност со претходните студии мнозинството од испитаниците (56,9%) се изјасниле дека донекаде се чувствуваат возрасни, а повозрасните испитаници имале значително повисоко субјективно чувство на возрасност (Lowe et al., 2013).

Спроведена е уште една американска студија (N=200) на млади возрасни од 18 до 28 години, во која им било поставено прашањето „Колку често се чувствувате како возрасен поединец?“ Според нивните одговори, постојано се чувствувале возрасно - 31% од младите на возраст од 18 до 20 години, 44% од младите на возраст од 21 до 24 години и 50% од младите над 25 години (Johnson, Berg & Sirotzki, 2007).

Студија на млади возрасни од 18 до 27 години во Чешка (N=436), покажува дека две третини од младите возрасни (64%) се чувствувале помеѓу статусите на адолесцент и на возрасен, 29% го постигнале чувството на возрасност и 7% воопшто не се чувствувале возрасно. Исто така, откриено е дека младите возрасни не биле емоционално стабилни, немале јасна идеа за иднината и животот на возрасна единка не им изгледал привлечен (Macek, Bejček & Vaníčková, 2007).

Во романско истражување на студенти (N=230) на возраст од 18 до 27 години, пронајдено е дека 40% одговориле потврдно во однос на чувството на постигната возрасност, 10% одговориле одречно и 50% одговориле на некои начини потврдно, на некои одречно (Nelson, 2009).

Резултатите од истражувањето направено во Австрија (N=775, со 226 адолесценти на возраст од 11 до 19 години, 317 млади возрасни на возраст од 20 до 29 години и 232 возрасни на возраст од 30 до 55 години), покажуваат дека 80% од возрасните, 38% од младите возрасни и 16% од адолесцентите се чувствувале дека ја постигнале возрасноста; 63% од адолесцентите, 55% од младите возрасни и 18% од возрасните се чувствувале дека на некои начини ја постигнале возрасноста, на некои не, а воопшто не се чувствувале возрасно 21% од адолесцентите, 7% од младите возрасни и 2% од возрасните (Sirsch et al., 2009).

Во компаративна студија спроведена со 210 австриски, 201 словенечки и 225 американски студенти на возраст од 18 до 27 години, побарано е да го рангираат степенот на нивната постигнатост на критериумите на возрасноста. Според резултатите, поголемиот дел од студентите се изјасниле дека според некои критериуми ја постигнале возрасноста, според некои не. Пронајдено е и дека студенти кои биле на поголема возраст имале исполнето повеќе критериуми на возрасноста. Дополнително наодите укажуваат дека, словенечките и австриските студенти се перципираат себеси во помал степен возрасни од американските (Zupančič et al., 2014).

Грчка студија на 183 студенти на возраст од 18 до 25 години, (49 машки и 134 женски), упатува на тоа дека повеќе од половината (59,3%) на некои начини се чувствуваат дека ја постигнале возрасноста, а на некои не, 37,7% веќе се чувствуваат возрасни и само 3% воопшто не се чувствуваат како возрасни единки. Кај повозрасните испитаници било поизразено чувството на постигната возрасност (Petrogiannis, 2011).

Наодите од студијата спроведена кај малезиски студенти во прва година (N=108), посочуваат дека 27,8% се чувствувале возрасно, додека 5,6% не се чувствувале како возрасни единки и 66,7% на некои начини се чувствувале возрасно, на некои не (Wider et al., 2015).

Резултатите од студија на млади возрасни на возраст од 17 до 29 години (N=400) спроведена во Данска укажуваат дека 27% од примерокот се чувствувале потполно возрасни, 11% воопшто не се чувствувале возрасни и 62% на некои начини се чувствувале возрасни, на некои не. И во оваа студија, перцепциите на возрасноста биле значајно и позитивно поврзани со возраста, сугерирајќи на тоа дека со зголемување на возраста се зголемува чувството на постигната возрасност (Arnett & Padilla-Walker, 2015).

Во погоре споменатото истражување во Полска (N=684), на доцни адолесценти, млади возрасни и возрасни било побарано да го рангираат нивното чувство на возрасност на скала од 0% до 100%. Резултатите

покажале дека доцните адолесценти се чувствуваат возрасно до ниво од 65%, нивото на младите возрасни е 73%, а на возрасните - 80%, што открива дека дури и дел од припадниците на првата половина на четвртата декада, сè уште потполно не се перципираат себеси како возрасни (Oleszkowicz & Misztela, 2015)

На примерок на млади возрасни жени на возраст од 18 до 29 години, вработени во фабрика во Гуандонг (Кина), кои мигрирале од село во град (N=119), откриено е дека 52% се чувствувале на некои начини возрасни, на некои не, а 44% се чувствувале како возрасни единки. Жените кои биле во брак и/или имале деца се чувствувале како возрасни единки, без разлика на нивната возраст (Zhong & Arnett, 2014).

Од друга страна, наодите од истражување спроведено кај кинески студенти (N=207) одат во прилог на тоа дека 59% се чувствуваат дека го постигнале статусот на возрасен во нивните рани дваесетти години, а 35% се чувствувале „помеѓу“ (адолесценцијата и возрасноста) (Nelson, Badger & Wu, 2004).

Компарацијата на истиот примерок на кинески студенти со примерок на американски студенти, покажува дека кинеските студенти се сметале за возрасни во поголема мера од американските, т.е. 66% од Американците се чувствувале на некои начини возрасно, на некои не (Badger, Nelson & Barry, 2006).

Во Индија, истражувањето кое вклучува 478 студенти и 100 млади возрасни со завршено средно образование од 18 до 26 години, слично како во Кина, открива дека најголемиот дел од младите возрасни (61%) се чувствувале дека ја постигнале возрасноста (Seiter & Nelson, 2011).

Спроведени се и *квалитативни студии* кои се фокусираат на разбирање на начинот на кој периодот на настанувањето на возрасноста е доживеан.

Во американска студија на студенти од 18 до 25 години (N=18), утврдени се два клучни домени: асоцијации на возрасност и соочување со предизвиците на возрасноста. Во првиот домен, општата категорија

(забележана кај сите испитаници) е вработување и кариерна истрајност, а типичните категории (кај мноштвото испитаници) се: грижа за семејство, одговорност, независност, стабилност и сериозност, прилагодливост, донесување одлуки. Во вториот домен се сместени типичните категории: барање начин на балансирање помеѓу постигнатата и непостигнатата возрасност и процес на формирање на идентитет и созревање (Lopez et al., 2005).

Во друга американска студија на млади возрасни од 18 до 25 години (N=15), откриени се четири теми: одговорност за себе; одговорност за други; саморегулација и одразувачки процени (Lowe et al., 2013).

Спроведена е уште една американска студија кај студенти од 18 до 25 години (N=17). Податоците се групирани во две теми: независност наспроти одговорност кон други и животот дома наспроти животот надвор од родителскиот дом (Katsiaficas, Suárez-Orozco & Dias, 2014).

Во студијата на млади возрасни од 21 до 26 години од Израел (N=72), истражувачите истакнале два клучни домени: 1. развојни задачи на младите возрасни; 2. независност и поврзаност со родителите. Во првиот домен се вклучени категориите: јасност на професионалниот интерес; подготовка за занимање; блискост со романтичен партнер и индивидуација во романтичните врски. Во вториот домен спаѓаат категориите: независно донесување одлуки; докажување; комуникација и емпатија (Shulman, et al., 2005).

Во студија на млади возрасни од Чешка (N=15, 8 женски, 7 машки), на возраст од 18 до 26 години, определени се две главни теми. Првата тема е чувствување „помеѓу", втората гласи нови врски со родителите, а третата - можности, гледишта и истражување на идентитет (Macek, Bejček & Vaníčková, 2007).

Студијата спроведена кај млади возрасни од 19 до 27 години во Ирска (N=20) ги класифицира одговорите во четири главни теми: врски со родителите; начин на живеење; работа и финансии; развој на идентитет (Murphy, 2011).

Во бразилска студија на млади возрасни од 18 до 29 години (N=13), домените се насловени според димензиите на настанувањето на возрасноста. Во доменот чувствување „помеѓу“ содржани се категориите финансиска или емоционална зависност и отпор кон станување на возрасна единка. Во доменот истражување на идентитет се сместени категориите учество во различни активности; искусување различни работни искуства; променлив станбен статус и истражување во љубовта. Третиот домен – нестабилност ја вклучува категоријата несигурност околу образовната насока, работата, напуштање на родителскиот дом, остварување на плановите и очекувањата на семејството. Доменот фокусираност на други се состои од категориите придонес со финансиска помош и поддршка на семејни членови; вложување во подобрување на заедницата и посветеност на работа. Доменот можности ги содржи категориите оптимизам и уживање во слободата. Последниот домен фокусираност на себеси се состои од категориите конкретизирање на плановите и избори базирани на идентитетот (Dutra-Thomé, 2013).

Во претходно споменатата студија на млади работнички во фабрика во Кина, кои мигрирале од село во град (N=119), резултатите од квалитативниот истражувачки дел, укажуваат дека погледите на испитаничките околу возрасноста би можеле да се класифицираат во четири главни домени: водење грижа за целото семејство - семејни капацитети, зголемена обѕирност кон други - релациона зрелост, транзиции кон улоги на возрасноста и стекнување независност - индивидуализам (Zhong & Arnett, 2014).

Во студија спроведена во Турција со млади возрасни на возраст од 20 до 31 година (N=41, 20 машки, 21 женски) од рурални и урбани средини, преку тематска анализа пронајдени се три меѓусебно поврзани генерални теми. Првата тема е перципирана возрасност. Мноштвото испитаници од руралните средини изјавиле дека се чувствуваат возрасно (69,2%). Од урбаните средини возрасно се чувствувале 43,8%, а 43,8% се изјасниле дека на некои начини се чувствуваат возрасни, на некои не и 12,5% воопшто не се чувствувале како возрасни единки. Втората тема е

критериуми за возрасност. Биле идентификувани пет главни критериуми од одговорите на испитаниците: биолошки и хронолошки особини; транзиции на улоги - брак, работа, родителство; способност за водење домаќинство; бихевиорална зрелост и воена служба. Третата тема е главните животни одлуки. Најголемиот број на испитаници и од руралните и од урбаните средини се изјасниле дека ги донеле важните одлуки, како комплетирање на образованието, продолжување или откажување од студиите, свршувачка, брак и живеалиште (Çok & Atak, 2015).

Голем број истражувања и прегледи на студии ги проучуваат карактеристиките на периодот на настанувањето на возрасноста и процесот на постигнувањето на возрасноста. Истражувањата главно укажуваат дека со зголемувањето на возраста, се намалува интензитетот на истражувањето на идентитет, експериментирањето и фокусираноста на себеси, а во преден план доаѓа посветувањето на други, односно интеграцијата на идентитетот. Некои истражувања посочуваат дека жените порано го појавуваат чувството на постигната возрасност. Според наодите од квалитативните студии, развојните задачи за младите во периодот на настанувањето на возрасноста се: откривање на идентитетот, осамостојување од родителите, прифаќање одговорност, донесување одлуки и психосоцијално созревање.

## Истражувачки хипотези

Релевантните истражувања кои вклучуваат компарација на младите во доцна адолесценција и младите во рана возрасна доба, укажуваат на тоа дека димензијата фокусираност на други е во поголема мера застапена кај повозрасните испитаници (Negru-Subtirica, 2012; Dutra-Thomé, 2013; Wider et al., 2015). Согласно наодите, се поставува првата **хипотеза**:

*1.1. Младите во рана возрасна доба повеќе пројавуваат фокусираност на други, а помалку пројавуваат истражување на идентитет; отвореност/можности; негативност/нестабилност и фокусираност на себеси, од младите во доцна адолесценција*

Поголемиот број на релевантни истражувања одат во прилог на тоа дека жените порано ја постигнуваат возрасноста, во споредба со мажите (Oesterle et al., 2010; Frisén & Wängqvist, 2011; Bergland, 2013). Оттука произлегува **хипотезата** дека:

*1.2. Жените во поголема мера ја развиваат фокусираноста на други од мажите*

Поврзаноста на возраста и на полот со димензиите на настанување на возрасноста е претставена во следната **хипотеза**:

*1.3. Фокусираноста на други е најразвиена кај жените во рана возрасна доба, а најмалку развиена кај мажите во доцна адолесценција, додека помеѓу мажите во рана возрасна доба и жените во доцна адолесценција нема разлики во развиеноста на оваа димензија*

Наодите од релевантните истражувања посочуваат дека чувството на постигната возрасност се интензивира со зголемувањето на возраста (Arnett, 1997; Arnett, 2001; Lowe et al., 2013; Johnson, Berg & Sirotzki, 2007; Sirsch et al., 2009; Zupančič et al., 2014; Petrogiannis, 2011; Arnett & Padilla-Walker, 2015; Oleszkowicz & Misztela, 2015), при што се изведува следната **хипотеза**:

*1.4. Младите во рана возрасна доба пројавуваат поголемо чувство на постигната возрасност од младите во доцна адолесценција*

Релевантните истражувања изложени во врска со поставувањето на втората хипотеза, полноважни се и за следната **хипотеза**:

*1.5. Жените во поголема мера го развиваат чувството на постигната возрасност од мажите*

Последната **хипотеза** се поставува како одговор на истражувачкиот проблем околу поврзаноста на возраста и на полот со чувството на постигната возрасност:

*1.6. Чувството на постигната возрасност е најразвиено кај жените во рана возрасна доба, а најмалку развиено кај мажите во доцна адолесценција, додека помеѓу мажите во рана возрасна доба и жените во доцна адолесценција нема разлики во развиеноста на ова чувство.*

# МЕТОД

## Испитаници

Во истражувањето се селектирани **165 испитаници** (Табела 1)[4], во согласност со одговорите на прашањата од социодемографската анкета: *„Дали сте вработен/а?“* и *„Дали сте во брак?“* и критериумите испитаниците да не се вработени и да не се во брак.

Табела 1. Структура на примерокот на испитаници (возраст и пол)

| **Испитаници (N=165)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Возраст** | **Машки** | **Женски** | **Вкупно** |
| *Доцна адолесценција* | 54 | 51 | 105 |
| Процентуална застапеност | 51,4% | 48,6% | 63,6% |
| Просечна возраст во години | 21,87 | 21,35 | 21,61 |
| *Рана возрасна доба* | 29 | 31 | 60 |
| Процентуална застапеност | 48,3% | 51,7% | 36,4% |
| Просечна возраст во години | 26,79 | 26,71 | 26,75 |
| Вкупна процентуална застапеност | 50,3% | 49,7% | 100 |
| *Вкупен број на испитаници* | 83 | 82 | 165 |
| Вкупна просечна возраст во години | 23,59 | 22,63 | 23,12 |

Истражувањето е направено врз пригоден примерок од вкупно **165 испитаници**, кој се состои од две возрасни групи: првата се состои од млади на возраст од 19 до 24 години, односно лица во доцна адолесценција - студенти и членови на невладина организација и групи за неформална едукација во Битола, вкупно 105 (63,6%), а втората е составена од млади возрасни на возраст од 25 до 30 години, т.е. лица во рана возрасна доба, вкупно 60 (36,4%) - членови на невладини организации, здружение на граѓани и групи за неформална едукација од Битола и Скопје.

Од вкупниот број на субјекти во примерокот, 83 (50,3%) се машки и 82 (49,7%) се женски. Просечната возраст за младите од доцната

[4] Табеларниот приказ е во согласност со АРА стандардите за презентирање на резултати.

адолесценција е 21,61 години (21,87 години за машките и 21,35 години за женските), а просечната возраст за младите од раната возрасна доба е 26,75 години (26,79 години за машките и 26,71 години за женските). Вкупната просечна возраст изнесува 23,12 години (23,59 години за сите машки и 22,63 години за сите женски испитаници).

Потпримерокот на младите од доцната адолесценција содржи: студенти од прва до четврта година во Бизнис академијата Смилевски – Битола (N=59); членови на невладината организација Младински Културен центар – Скопје (N=5) и Младински културен центар – Битола (N=26); учесници во рамките на проектот „Со вештини до можности за младите" организиран во просторијата на Младинскиот културен центар - Битола (N=15).

Потпримерокот на младите од раната возрасна доба се состои од: членови на Младинскиот културен центар - Скопје (N=5); учесници во рамките на проектот „Со вештини до можности за младите" организиран во просторијата на Младинскиот културен центар – Битола (N=12); учесници на Проект мрежата ЈЕС – „Подготовка за вработување и за работа" организирана во Центарот за вработување во Битола (N=30); членови на невладината организација Sfera Macedonia во Битола (N=7); членови на невладината организација Together Macedonia во Битола (N=6); членови на здружението на граѓани Фото Кино Клуб – Битола (N=5).

## Мерни инструменти

Инструментите со кои беа прибирани податоците се инвентар за димензии на настанување на возрасноста (пет субскали) (Reifman, Arnett & Colwell, 2007) и прашалник за чувство на возрасност (Колевска, 2016). Внатрешната хомогеност на инструментите беше проверена преку утврдување на Кронбах алфа-коефициентите на субскалите и скалата (Табела 2).

Табела 2. Внатрешна хомогеност на субскалите и скалата применети во истражувањето

| Субскали применети во истражувањето | Кронбах алфа-коефициент | Број на ајтеми |
|---|---|---|
| Истражување на идентитет | 0,76 | 7 |
| Отвореност/можности | 0,76 | 5 |
| Негативност/нестабилност | 0,79 | 7 |
| Фокусираност на себеси | 0,72 | 6 |
| Фокусираност на други | 0,70 | 3 |
| **Скала применета во истражувањето** | **Кронбах алфа-коефициент** | **Број на ајтеми** |
| Чувство на постигната возрасност | 0,61 | 12 |

Сите субскали на инвентарот за димензии на настанување на возрасноста имаат релативно висока внатрешна хомогеност со вредности на Кронбах алфа-коефициентите од $\alpha=0,70$ до $\alpha=0,79$. Нешто пониска внатрешна хомогеност има скалата чувство на возрасност, каде Кронбах алфа-коефициентот изнесува $\alpha=0,61$, но имајќи го предвид бројот на ајтеми и видот на инструментот, како и природата на варијаблата што ја мери, тој може да се смета како солидно конзистентен.

### *Инвентар за димензии на настанување на возрасноста*

Инвентарот за димензии на настанување на возрасноста (анг.: Inventory of the Dimensions of Emerging Adulthood - IDEA) (Прилог 1) служи за испитување на индивидуалните разлики во

самоидентификацијата со процесите на периодот на настанување на возрасноста. Инструментот бара испитаниците да размислат за нивните погледи на животот за приближно петгодишен период, кој го вклучува сегашното време, минатите неколку години и идните неколку години.

Инструментот содржи 28 ајтеми, групирани во пет субскали, од кои четири се димензии на периодот на настанување на возрасноста, а една димензија означува постигната возрасност (Истражување на идентитет; Експериментирање/Можности;Негативност/Нестабилност; Фокусираност на себеси; Фокусираност на други). Секоја субскала е мерена на Ликертова скала од 4 степени. Испитаниците е потребно да штиклираат во една од четирите колони: Воопшто не се согласувам (1 бод); Делумно не се согласувам (2 бода); Делумно се согласувам (3 бода); Потполно се согласувам (4 бода) за секој ајтем. Резултатот се добива со собирање на бодовите од одговорите на ајтемите за секоја субскала, при што повисок скор означува поголема застапеност на дадена димензија на периодот на настанување на возрасноста.

Експлораторната и конфирматорната факторска анализа во голема мера ја поддржала концептуализацијата на субскали на периодот на настанување на возрасноста. Авторите на инструментот во две комбинирани студии (првата со 243 испитаници помеѓу 18 и над 70 години, а втората со 121 испитаник помеѓу 12 и 26 години), само на пет ајтеми добиле тежини пониски од 0,45. Некои од субскалите сепак изразиле големи интеркорелации ($r>0,7$). Алфа коефициентите на внатрешна релијабилност за субскалите биле генерално силни, помеѓу 0,70 и 0,85. Тест-ретест релијабилноста за време на над едномесесечен период изнесувала од 0,64 до 0,76.

### *Прашалник за чувство на возрасност*

Во повеќе наврати, Арнет (Arnett, 1994, 1997, 1998, 2001, 2003, 2014, 2015) ги утврдил критериумите за постигната возрасност, истражувајќи

ги погледите на младите. Тој користел прашалник со 40 ајтеми, од кои секој претставувал одреден критериум и од испитаниците било побарано за секој ајтем да одговорат дали е или не е неопходен критериум за возрасноста да се смета дека е постигната. Ајтемите биле базирани на литературата (во социологијата, психологијата и антропологијата) земајќи ја предвид транзицијата кон возрасноста и на пилот истражувањата. Дополнително на испитаниците им било поставено прашањето „Дали чувствувате дека сте станале возрасен/на? (Arnett, 1994; Arnett & Taber, 1994).

Според резултатите, младите во сите истражувања, континуирано како најзначајни критериуми за постигната возрасност ги одредувале: стекнување финансиска независност, прифаќање одговорност за последиците од сопствените постапки, самостојно донесување одлуки, воспоставување врска на рамноправност со родителите, способност за водење на домаќинство, способност за водење грижа за други, воспоставување добра контрола над своите емоции, избегнување непромислено однесување, напредување во кариерата, напредок на личен план, и напредување на социјален план.

Прашалникот за чувство на возрасност е изработен од страна на истражувачот (Колевска, 2016). Во изработката се земени предвид сите наведени критериуми за постигната возрасност.

Со овој инструмент се утврдува до кој степен е изразено чувството на постигнување на возрасноста и ќе се идентификуваат индивидуалните разлики (Прилог 2).

Инструментот се состои од 12 ајтеми. Секој од понудените одговори е мерен на Ликертова скала од 5 степени. Испитаниците е потребно да штиклираат во една од петте колони (Воопшто не (1 бод); Во голема мера не (2 бода); На некои начини да, на некои не (3 бода); Во голема мера да (4 бода); Потполно да (5 бода)) за секој ајтем. Резултатот се добива со собирање на бодовите, при што колку е повисок скорот, толку е повисок степенот на чувството дека возрасноста е постигната. На крајот од

прашалникот е вметната социодемографска анкета која содржи прашања за возраста, полот, вработеноста и брачниот статус.

## Постапка

Во рамките на подготовката на истражувањето беше планирано спроведување на пилот-истражување и главно истражување. За да се овозможи спроведување на теренскиот дел од истражувањето, се пристапи кон планирање и подготовка на истражувањето. За целите, како и за можноста за спроведување на истражувањето, беше побарана соработка со факултет, невладини организации, здружение и групи за неформална едукација. Беше добиена согласност од одговорните лица и од потенцијалните испитаници, а потоа беше договорена динамиката на спроведување на истражувањето.

Пилот-истражувањето беше спроведено со млади возрасни (30 женски, 20 машки на возраст од 19 до 30 години), во невладина организација (N=50) во периодот на месец декември 2016 година, со цел да се провери генералната употребливост на мерните инструменти, разбирливоста на прашањата и инструкциите и да се утврди времетраењето неопходно за пополнување. Во мерните инструменти не беа најдени неразбирливи и двосмислени ајтеми.

По завршувањето на пилот-истражувањето, а во согласност со резултататите за внатрешна хомогеност на субскалите, беше направена ревизија на инвентарот за димензии на настанување на возрасноста, преку отстранување на една субскала со три ајтеми. Потоа се пристапи кон планирање и подготовка на главното теренско истражување.

Испитаниците беа информирани за целта на истражувањето, им беше укажано на анонимноста и доверливоста на податоците кои ќе бидат изнесени и им беше презентирано усмено упатство за пополнување на инструментите.

Со цел да се опфатат млади возрасни од доцната адолесценција, двата инструменти им беа зададени на студенти кои беа присутни на предавања кај одредени професори кои беа отворени за соработка за време на истражувањето.

За да бидат опфатени испитаници кои припаѓаат на раната возрасна доба, беа контактирани одговорни лица на групи за неформална едукација.

Во невладините организации и здружението на граѓани беа опфатени испитаници од двете возрасни групи.

Двата инструменти беа зададени во одредени простории таму каде што имаше можност. Доколку условите тоа не го дозволуваа, беа побарани e-mail адреси или телефонски броеви од потенцијалните испитаници со цел да се направи договор за времето и местото на задавање на инструментите. Алтернативната локација на задавањето на инструментите беше просторија на здружение на граѓани.

После завршувањето на пополнувањето, беше изразена благодарност кон испитаниците. Одредени испитаници се интересираа за нивниот резултат, така што им беше овозможено да ја остават нивната e-mail адреса на крајот од инструментите, за потоа да бидат известени.

Теренското истражување беше спроведено во периодот од 27. февруари до 28. април, 2017 година во факултет, здружение на граѓани во Битола и три невладини организации во Битола и една невладина организација во Скопје.

## Статистичка обработка на податоците

За проверка на релијабилноста на инструментите се утврдија коефициентите на интерна конзистентност на субскалите и скалата со користење на Кронбах алфа-коефициентот. При статистичката обработка на податоците, за проверка на хипотезите се користеше

постапката двонасочна анализа на варијанса (2x2 АНОВА) со 2 нивоа на возраст и 2 нивоа на пол. Степенот на статистичка значајност за анализите е на ниво од $p<0,05$.

# РЕЗУЛТАТИ

Резултатите од анализата на прибраните податоци се претставени во три дела.

Во првиот дел, се прикажани резултатите преку дескриптивната анализа и претставување на дескриптивните показатели во однос на димензиите на настанување на возрасноста и чувството на постигната возрасност, во рамките на двете возрасни групи и според полот.

Во вториот дел се илустрирани резултатите од испитувањето на разликите во поврзаноста на димензиите на настанување на возрасноста и чувството на постигната возрасност во зависност од возраста и полот, преку двонасочната анализа на варијанса.

Во третиот дел, се прикажани резултатите согласно поставените хипотези, преку претставување на поврзаноста на димензиите на настанување на возрасноста и чувството на постигната возрасност со возраста и полот.

## Дескриптивни показатели

Од спроведената дескриптивна анализа, прикажани се аритметичките средини (M) и стандардните отстапувања (SD) за секоја поединечна варијабла вклучена во истражувањето за сите млади возрасни (N=165), за младите во доцна адолесценција (N=105) и за младите во рана возрасна доба (N=60), а во рамките на сите прикази, просечните вредности се прикажани и според пол. Прикажан е и добиениот опсег на скорови за варијаблите.

## Дескриптивни показатели за димензиите на настанувањето на возрасноста

Во Табела 3, се прикажани дескриптивните показатели од анализата за сите испитаници: аритметичките средини (M), стандардните отстапувања (SD) и добиениот опсег на скорови за димензиите истражување на идентитет, отвореност/можности, негативност/нестабилност, фокусираност на себеси и фокусираност на други.

Табела 3. Дескриптивни показатели за димензиите на настанување на возрасноста

| Димензии на настанување на возрасноста | M за сите испитаници (N=165) | SD | Добиен опсег на скоровите |
|---|---|---|---|
| Истражување на идентитет | 23,59 | 3,22 | 9-28 |
| Отвореност/можности | 16,28 | 2,30 | 10-20 |
| Негативност/нестабилност | 19,01 | 4,16 | 9-28 |
| Фокусираност на себеси | 19,77 | 2,57 | 3-12 |
| Фокусираност на други | 7,81 | 2,07 | 11-24 |

Во Табела 4 се дадени вредностите на дескриптивните показатели за димензиите на настанувањето на возрасноста во однос на возраста.

Табела 4. Дескриптивни показатели за димензиите на настанување на возрасноста според возраста

| Димензии на настанување на возрасноста | M за доцна адолесценција (N=105) | SD | M за рана возрасна доба (N=60) | SD |
|---|---|---|---|---|
| Истражување на идентитет | 23,34 | 3,35 | 24,02 | 2,99 |
| Отвореност/можности | 16,74 | 2,17 | 15,48 | 2,50 |
| Негативност/нестабилност | 19,01 | 4,09 | 19,01 | 4,27 |
| Фокусираност на себеси | 19,40 | 2,46 | 20,42 | 2,75 |
| Фокусираност на други | 7,24 | 2,11 | 8,80 | 2,00 |

Во Табела 5 се дадени вредностите на дескриптивните показатели за димензиите на настанувањето на возрасноста во однос на полот.

Табела 5. Дескриптивни показатели за димензиите на настанување на возрасноста според полот

| **Димензии на настанување на возрасноста** | **М за сите мажи (N=83)** | **SD** | **М за сите жени (N=82)** | **SD** |
|---|---|---|---|---|
| Истражување на идентитет | 23,10 | 2,93 | 24,26 | 3,49 |
| Отвореност/можности | 16,08 | 2,37 | 16,49 | 2,23 |
| Негативност/нестабилност | 19,24 | 3,84 | 18,78 | 4,46 |
| Фокусираност на себеси | 19,49 | 2,83 | 20,33 | 2,28 |
| Фокусираност на други | 7,83 | 2,02 | 7,78 | 2,11 |

Во Табела 6 се претставени вредностите на дескриптивните показатели за димензиите на настанувањето на возрасноста кај младите во доцната адолесценција во однос на полот.

Табела 6. Дескриптивни показатели за димензиите на настанување на возрасноста кај младите од доцната адолесценција според полот

| **Димензии на настанување на возрасноста** | **М за мажи (N=54)** | **SD** | **М за жени (N=51)** | **SD** |
|---|---|---|---|---|
| Истражување на идентитет | 23,13 | 2,79 | 23,55 | 3,86 |
| Отвореност/можности | 16,46 | 2,23 | 17,04 | 2,11 |
| Негативност/нестабилност | 19,04 | 3,85 | 19,45 | 3,82 |
| Фокусираност на себеси | 18,91 | 2,65 | 19,90 | 2,25 |
| Фокусираност на други | 7,31 | 1,96 | 7,16 | 2,25 |

Во Табела 7 се претставени вредностите на дескриптивните показатели за димензиите на настанувањето на возрасноста кај младите од раната возрасна доба во однос на полот.

Табела 7. Дескриптивни показатели за димензиите на настанување на возрасноста кај младите од раната возрасна доба според полот

| **Димензии на настанување на возрасноста** | **M за мажи (N=29)** | **SD** | **M за жени (N=31)** | **SD** |
|---|---|---|---|---|
| Истражување на идентитет | 23,07 | 3,19 | 24,97 | 2,79 |
| Отвореност/можности | 15,38 | 2,59 | 15,58 | 2,41 |
| Негативност/нестабилност | 19,45 | 3,82 | 18,58 | 4,68 |
| Фокусираност на себеси | 20,07 | 3,14 | 20,77 | 2,34 |
| Фокусираност на други | 8,79 | 2,14 | 8,81 | 1,86 |

## Дескриптивни показатели за чувството на постигната возрасност

Во Табела 8, се прикажани дескриптивните показатели за сите испитаници: аритметичките средини (M), стандардните отстапувања (SD) и добиениот опсег на скорот за чувството на постигнатата возрасност. Просечниот скор изнесува M=43,09 со SD=5,68.

Табела 8. Дескриптивни показатели за чувството на постигната возрасност

| **Варијабла** | **M за сите испитаници (N=165)** | **SD** | **Добиен опсег на скоровите** |
|---|---|---|---|
| Чувство на постигната возрасност | 43,09 | 5,68 | 34-56 |

Табела 9 ги претставува вредностите на дескриптивните показатели за чувството на постигната возрасност во однос на возраста. Просечниот скор за младите од доцната адолесценција изнесува M=42,26 со SD=5,73, а за младите од раната возрасна доба е M=44,55 со SD=5,58.

Табела 9. Дескриптивни показатели за чувството на постигната возрасност според возраста

| Варијабла | M за доцна адолесценција (N=105) | SD | M за рана возрасна доба (N=60) | SD |
|---|---|---|---|---|
| Чувство на постигната возрасност | 42,26 | 5,73 | 44,55 | 5,58 |

Во Табела 10 се прикажани дескриптивните показатели за чувството на постигната возрасност во однос на полот. Просечниот скор за мажите изнесува M=43,13 со SD=6,54. За жените просечниот скор е M=43,05 со SD=4,64.

Табела 10. Дескриптивни показатели за чувството на постигната возрасност според полот

| Варијабла | M за сите мажи (N=83) | SD | M за сите жени (N=82) | SD |
|---|---|---|---|---|
| Чувство на постигната возрасност | 43,13 | 6,54 | 43,05 | 4,64 |

Дескриптивните показатели за чувството на постигната возрасност кај младите од доцната адолесценција во однос на полот, се прикажани во Табела 11.

Табела 11. Дескриптивни показатели за чувството на постигната возрасност кај младите од доцната адолесценција според полот

| Варијабла | M за мажи (N=54) | SD | M за жени (N=51) | SD |
|---|---|---|---|---|
| Чувство на постигната возрасност | 42,44 | 6,87 | 42,06 | 5,57 |

Во Табела 12 се прикажани дескриптивните показатели за

чувството на постигната возрасност кај младите од раната возрасна доба во однос на полот.

Табела 12. Дескриптивни показатели за чувството на постигната возрасност кај младите од раната возрасна доба според полот

| **Варијабла** | **М за мажи (N=29)** | **SD** | **М за жени (N=31)** | **SD** |
|---|---|---|---|---|
| Чувство на постигната возрасност | 44,41 | 5,87 | 44,68 | 5,29 |

## Резултати од испитување на разликите во димензиите на настанување на возрасноста

Во следните табели се прикажани резултатите од примена на статистичката постапка двонасочна анализа на варијанса.

Во Табела 13 се прикажани разликите во димензијата *истражување на идентитет* во зависност од возраста и полот. Во однос на **полот постои статистички значајна разлика** во изразеноста на оваа димензија ($F=4,809$, $p=0,030$; $p<0,05$). **Не е утврдена** статистички значајна разлика во однос на возраста ($F=1,651$, $p=0,201$; $p>0,05$), како и во однос на интеракцискиот ефект на полот и возраста ($F=1,959$, $p=0,164$; $p>0,05$).

Табела 13. Разлики во димензијата истражување на идентитет во зависност од возраста и полот

| Извор на варирање | SS | df | MS | F | P |
|---|---|---|---|---|---|
| Пол | 51,245 | 1 | 51,245 | 4,809 | 0,030 |
| Возраст | 17,587 | 1 | 17,587 | 1,651 | 0,201 |
| Интеракциски ефект (Пол x Возраст) | 20,87 | 1 | 20,87 | 1,959 | 0,164 |
| Во групи | 1715,55 | 161 | 10,656 | | |
| Вкупно | 1793,794 | 164 | | | |

Табела 14 ги прикажува разликите во изразеноста на димензијата *отвореност/можности* во зависност од возраста и полот. Во однос на полот, **не е утврдена** статистички значајна разлика (F=1,764, p=0,186; p>0,05). Статистички значајна разлика **е утврдена** во однос на **возраста** (F=13,491, p=0,000; p<0,01). Во однос на интеракцискиот ефект помеѓу возраста и полот **не е утврдена** статистички значајна разлика (F=0,023, p=0,880; p>0,05).

Табела 14. Разлики во димензијата отвореност/можности во зависност од возраста и полот

| Извор на варирање | SS | Df | MS | F | p |
|---|---|---|---|---|---|
| Пол | 9,524 | 1 | 9,524 | 1,764 | 0,186 |
| Возраст | 72,851 | 1 | 72,851 | 13,491 | 0,000 |
| Интеракциски ефект (Пол x Возраст) | 0,124 | 1 | 0,124 | 0,023 | 0,880 |
| Во групи | 869,403 | 161 | 5,4 | | |
| Вкупно | 951,782 | 164 | | | |

Во Табела 15 се претставени разликите во застапеноста на димензијата *негативност/нестабилност* во однос на возраста и полот. **Не се утврдени** значајни статистички разлики ниту во однос на полот (F=0,459, p=0,499; p>0,05), ниту во однос на возраста (F=0,000, p=0,993; p>0,05), ниту во однос на интеракцискиот ефект помеѓу возраста и полот (F=0,353, p=0,553; p>0,05).

Табела 15. Разлики во димензијата негативноста/нестабилност во зависност од возраста и полот

| Извор на варирање | SS | df | MS | F | P |
|---|---|---|---|---|---|
| Пол | 8,146 | 1 | 8,146 | 0,459 | 0,499 |
| Возраст | 0,001 | 1 | 0.001 | 0,000 | 0,993 |
| Интеракциски ефект (Пол x Возраст) | 6,272 | 1 | 6,272 | 0,353 | 0,553 |
| Во групи | 2857,627 | 161 | 17,749 | | |
| Вкупно | 2868,994 | 164 | | | |

Разликите во застапеноста на димензијата *фокусираност на себеси* се прикажани во Табела 16. **Статистички значајна разлика е изразена** во однос на полот ($F=4,053$, $p=0,046$; $p<0,05$) и во однос на возраста ($F=5,803$, $p=0,017$; $p<0,05$), додека интеракцискиот ефект помеѓу возраста и полот **не е статистички значаен** ($F=0,117$, $p=0,732$; $p>0,05$).

Табела 16. Разлики во димензијата фокусираност на себеси во зависност од возраста и полот

| Извор на варирање | SS | Df | MS | F | P |
|---|---|---|---|---|---|
| Пол | 27,552 | 1 | 27,552 | 4,053 | 0,046 |
| Возраст | 39,443 | 1 | 39,443 | 5,803 | 0,017 |
| Интеракциски ефект (Пол x Возраст) | 0,798 | 1 | 0,798 | 0,117 | 0,732 |
| Во групи | 1094,328 | 161 | 6,797 | | |
| Вкупно | 1169,248 | 164 | | | |

Табела 17 ги претставува разликите во димензијата *фокусираност на други* во зависност од возраста и полот. Во однос на полот **не е утврдена** статистички значајна разлика ($F=0,045$, $p=0,831$; $p>0,05$). **Статистички значајна разлика е утврдена** во однос на **возраста** ($F=21,276$, $p=0,000$; $p<0,01$). Интеракцискиот ефект помеѓу возраста и полот **не е статистички значаен** ($F=0,064$, $p=0,801$; $p>0,05$).

Табела 17. Разлики во димензијата фокусираност на други во зависност од возраста и полот

| Извор на варирање | SS | df | MS | F | P |
|---|---|---|---|---|---|
| Пол | 0,199 | 1 | 0,199 | 0,045 | 0,831 |
| Возраст | 93,295 | 1 | 93,295 | 21,276 | 0,000 |
| Интеракциски ефект (Пол x Возраст) | 0,280 | 1 | 0,280 | 0,064 | 0,801 |
| Во групи | 705,991 | 161 | 4,385 | | |
| Вкупно | 799,794 | 164 | | | |

## Резултати од испитување на разликите во чувството на постигната возрасност

Во Табела 18 се претставени разликите во изразеноста на чувството на постигната возрасност во зависност од возраста и полот. Во однос на полот **не е утврдена статистички значајна разлика** ($F=0,004$, $p=0,948$; $p>0,05$). **Статистички значајна разлика постои** во однос на **возраста** ($F=6,077$, $p=0,015$; $p<0,05$). Интеракцискиот ефект помеѓу возраста и полот **не е статистички значаен** ($F=0,122$, $p=0,728$; $p>0,05$).

Табела 18. Разлики во чувството на постигната возрасност во зависност од возраста и полот

| Извор на варирање | SS | df | MS | F | P |
|---|---|---|---|---|---|
| Пол | 0,142 | 1 | 0,142 | 0,004 | 0,948 |
| Возраст | 200,723 | 1 | 200,723 | 6,077 | 0,015 |
| Интеракциски ефект (Пол x Возраст) | 4,020 | 1 | 4,020 | 0,122 | 0,728 |
| Во групи | 5317,966 | 161 | 33,031 | | |
| Вкупно | 5523,636 | 164 | | | |

## Проверка на хипотезата во однос на поврзаноста на возраста и димензиите на настанувањето на возрасноста

*Хипотеза 1.1.*

*Младите во рана возрасна доба повеќе пројавуваат фокусираност на други, а помалку пројавуваат истражување на идентитет; отвореност/можности; негативност/нестабилност и фокусираност на себеси, од младите во доцна адолесценција*

Со цел да се утврди поврзаноста на возраста и димензиите на настанувањето на возрасноста се пристапи кон интерпретација на

резултатите од статистичката постапка двонасочна анализа на варијанса.[5]

Резултатите прикажани во Табела 19 покажуваат дека поврзаноста на возраста со димензиите истражување на идентитет (p=0,201; p>0,05) и негативност/нестабилност (p=0,993; p>0,05) не е статистички значајна. Додека поврзаноста на возраста и димензиите отвореност/можности (p=0,000; p<0,01), фокусираност на себеси (p=0,017; p<0,05) и фокусираност на други (p=0,000; p<0,01) е статистички значајна. Просечниот скор за димензијата отвореност/можности е повисок кај младите од доцната адолесценција (M=16,75), за разлика од младите во раната возрасна доба (M=15,48). Просечните скорови за димензиите фокусираност на себеси и фокусираност на други се повисоки кај младите од раната возрасна доба (M=20,42) и (M=8,8), во споредба со младите од доцната адолесценција (M=19,40) и (M=7,24).

Табела 19. Поврзаност помеѓу возраста и димензиите на настанувањето на возрасноста

| **Димензии на настанување на возрасноста** | **M за доцна адолесценција** | **M за рана возрасна доба** | **Ниво на значајност (p) за возраст** |
|---|---|---|---|
| Истражување на идентитет | 23,34 | 24,02 | 0,201 (>0,05) |
| Отвореност/можности | 16,75 | 15,48 | **0,000 (<0,01)** |
| Негативност/нестабилност | 19,01 | 19,01 | 0,993 (>0,05) |
| Фокусираност на себеси | 19,40 | 20,42 | **0,017 (<0,05)** |
| Фокусираност на други | 7,24 | 8,8 | **0,000 (<0,01)** |

Младите во рана возрасна доба повеќе пројавуваат фокусираност на други и фокусираност на себеси, а помалку пројавуваат отвореност/можности од младите во доцна адолесценција, додека во пројавувањето на истражување на идентитет и негативност/нестабилност нема разлики помеѓу двете возрасни групи.

---

[5] Со цел да се илустрираат потребните споредби, прикажани се и претходно добиените аритметички средини од дескриптивната анализа.

**Врз основа на добиените наоди, може да се заклучи дека делумно се потврдува хипотеза 1.1.** Хипотезата 1.1., се потврдува во однос на тоа дека младите во рана возрасна доба повеќе пројавуваат фокусираност на други, а помалку пројавуваат отвореност/можности. Додека пак, пројавувањето на истражување на идентитет и негативност/ нестабилност не е поврзано со возраста.

## Проверка на хипотезата во однос на поврзаноста на полот и димензиите на настанувањето на возрасноста

*Хипотеза 1.2.*

*Жените во поголема мера ја развиваат фокусираноста на други од мажите*

Со цел да се направи проверка на хипотезата 1.2., се пристапи кон утврдување на поврзаноста помеѓу варијаблите пол и димензии на настанување на возрасноста со помош на интерпретација на резултатите од статистичката постапка двонасочна анализа на варијанса.

Табела 20. Поврзаност помеѓу полот и димензиите на настанувањето на возрасноста

| Димензии на настанување на возрасноста | М за мажи | М за жени | Ниво на значајност (p) за пол |
|---|---|---|---|
| Истражување на идентитет | 23,10 | 24,26 | **0,030 (<0,05)** |
| Отвореност/можности | 15,92 | 16,31 | 0.186 (>0,05) |
| Негативност/нестабилност | 19,24 | 18,78 | 0,499 (>0,05) |
| Фокусираност на себеси | 19,49 | 20,33 | **0,046 (<0,05)** |
| Фокусираност на други | 8,05 | 7,98 | 0,831 (>0,05) |

Во Табела 20 се прикажани резултатите, според кои може да воочи дека поврзаноста помеѓу полот и фокусираноста на други ($p=0,831$; $p>0,05$) не е статистички значајна. Поврзаноста помеѓу полот, исто така не е статистички значајна со отвореноста/можностите ($p=0,186$; $p>0,05$) и со негативноста/нестабилноста ($p=0,499$; $p>0,05$). Полот е статистички

значајно поврзан со истражувањето на идентитет (p=0,030; p<0,05) и со фокусираноста на себеси (p=0,046; p<0,05). Просечните скорови и за двете последни димензии се повисоки кај жените (истражување на идентитет – M=24,26 кај жените и M=23,10 кај мажите; фокусираност на себеси – M=20,33 кај жените и M=19,49 кај мажите).

Во развиеноста на фокусираноста на други нема разлика помеѓу мажите и жените. Кај жените во поголема мера се развиени истражувањето на идентитет и фокусираноста на себеси, во споредба со мажите.

**Врз основа на добиените наоди, може да се заклучи дека хипотеза 1.2. се отфрла.**

### Проверка на хипотезата во однос на поврзаноста на возраста и на полот со димензиите на настанување на возрасноста

*Хипотеза 1.3.*

*Фокусираноста на други е најразвиена кај жените во рана возрасна доба, а најмалку развиена кај мажите во доцна адолесценција, додека помеѓу мажите во рана возрасна доба и жените во доцна адолесценција нема разлики во развиеноста на оваа димензија*

Со цел да се провери хипотезата 1.3., односно поврзаноста на возраста и полот со димензиите на настанувањето на возрасноста, се пристапи кон интерпретација на резултатите од статистичката постапка двонасочна анализа на варијанса.

Врз основа на резултатите прикажани во Табела 21, се покажува дека поврзаноста на возраста и на полот со димензиите на настанувањето на возрасноста не е статистички значајна (истражување на идентитет – p=0,164, (p>0,05); отвореност/можности - p=0,880, (p>0,05); негативност/нестабилност - p=0,553, (p>0,05); фокусираност на себеси - p=0,732 (p>0,05); фокусираност на други - p=0,801 (p>0,05).

Табела 21. Поврзаност на возраста и на полот со димензиите на настанување на возрасноста

| **Димензии на настанување на возрасноста** | **M Доцна адолесценција Мажи** | **Жени** | **M Рана возрасна доба Мажи** | **Жени** | **Ниво на значајност (p) за возраст и пол** |
|---|---|---|---|---|---|
| Истражување на идентитет | 23,13 | 23,55 | 23,07 | 24,97 | 0,164 (>0,05) |
| Отвореност/можности | 16,46 | 17,04 | 15,38 | 15,58 | 0,880 (>0,05) |
| Негативност/нестабилност | 19,04 | 18,98 | 19,45 | 18,58 | 0,553 (>0,05) |
| Фокусираност на себеси | 18,91 | 19,9 | 20,07 | 20,77 | 0,732 (>0,05) |
| Фокусираност на други | 7,31 | 7,16 | 8,79 | 8,81 | 0,801 (>0,05) |

Резултатите прикажани во Табела 21 укажуваат дека во развиеноста на фокусираноста на други нема разлики помеѓу жените во рана возрасна доба и мажите во доцна адолесценција, а исто така нема разлики и помеѓу мажите во рана возрасна доба и жените во доцна адолесценција.

**Врз основа на добиените наоди, може да се заклучи дека хипотеза 1.3. не се потврдува.**

## Проверка на хипотезата во однос на поврзаноста на возраста и чувството на постигната возрасност

*Хипотеза 1.4.*

*Младите во рана возрасна доба пројавуваат поголемо чувство на постигната возрасност од младите во доцна адолесценција*

Со цел да се направи проверка на хипотезата 1.4., се пристапи кон утврдување на поврзаноста помеѓу варијаблите возраст и чувство на постигната возрасност, преку интерпретација на резултатите од статистичката постапка двонасочна анализа на варијанса.

Од резултатот прикажан во Табела 22, може да се воочи дека поврзаноста на возраста и чувството на постигната возрасност е статистички значајна, односно p =0,015; p<0,05.

Табела 22. Поврзаност помеѓу возраста и чувството на постигната возрасност

| **Варијабла** | **M за доцна адолесценција** | **M за рана возрасна доба** | **Ниво на значајност (p) за возраст** |
|---|---|---|---|
| Чувство на постигната возрасност | 42,25 | 44,545 | 0,015 (<0,05) |

Чувството на постигната возрасност е поголемо кај младите во рана возрасна доба, во споредба со младите од доцна адолесценција.

**Врз основа на добиениот наод, може да се заклучи дека се потврдува хипотеза 1.4.**

## Проверка на хипотезата во однос на поврзаноста на полот со чувството на постигната возрасност

*Хипотеза 1.5.*

*Жените во поголема мера го развиваат чувството на постигната возрасност од мажите.*

Со цел да се утврди поврзаноста помеѓу полот и чувството на постигната возрасност, се пристапи кон интерпретација на резултатите од статистичката постапка двонасочна анализа на варијанса.

Резултатот прикажан во Табела 23, укажува дека помеѓу варијаблата пол и варијаблата чувство на постигната возрасност нема статистички значајна поврзаност, т.е. p=0,948; (p>0,05).

Табела 23. Поврзаност помеѓу полот и чувството на постигната возрасност

| **Варијабла** | **M за мажи** | **M за жени** | **Ниво на значајност (p) за пол** |
|---|---|---|---|
| Чувство на постигната возрасност | 43,42 | 43,37 | 0,948 (>0,05) |

Нема разлики во развиеноста на чувството на постигната возрасност помеѓу мажите и жените.

**Врз основа на добиениот наод, може да се заклучи дека се отфрла хипотеза 1.5.**

## Проверка на хипотезата во однос на поврзаноста на возраста и на полот со чувството на постигната возрасност

*Хипотеза 1.6.*

*Чувството на постигната возрасност е најразвиено кај жените во рана возрасна доба, а најмалку развиено кај мажите во доцна адолесценција, додека помеѓу мажите во рана возрасна доба и жените во доцна адолесценција нема разлики во развиеноста на ова чувство*

Со цел да се провери хипотезата 1.6., односно поврзаноста на возраста и на полот со чувството на постигнатата возрасност, се пристапи кон интерпретација на резултатите од статистичката постапка двонасочна анализа на варијанса.

Резултатот прикажан во Табела 24, покажува дека поврзаноста на возраста и на полот со чувството на постигнатата возрасност не е статистички значајна, односно $p=0,728$; $p>0,05$.

Табела 24. Поврзаност на возраста и на полот со чувството на постигнатата возрасност

| **Варијабла** | **M Доцна адолесценција** | | **M Рана возрасна доба** | | **Ниво на значајност (p) за возраст и пол** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Мажи** | **Жени** | **Мажи** | **Жени** | |
| Чувство на постигната возрасност | 42,44 | 42,06 | 44,41 | 44,68 | 0,728 (>0,05) |

Резултатот претставен во Табела 24 укажува дека во развиеноста на чувството на постигната возрасност нема разлики помеѓу жените во рана возрасна доба и мажите во доцна адолесценција, а исто така нема разлики и помеѓу мажите во рана возрасна доба и жените во доцна адолесценција.

**Врз основа на добиениот наод, може да се заклучи дека не се потврдува хипотеза 1.6.**

# КВАЛИТАТИВЕН МЕТОД

## Испитаници

Во истражувањето е применет пригоден примерок од **17 испитаници**. Во однос на полот, 8 се машки (47%), а 9 се женски (53%). Просечната возраст во години за машките изнесува 24,3, а за женските - 24,7. Во однос на возраста, 8 од испитаниците се студенти, припадници на доцната адолесценција (3 машки – 17,6% и 5 женски – 29,4%), а 9 се млади со завршено високо образование, припадници на раната возрасна доба (5 машки – 29,4% и 4 женски – 27,2%) од Битола (N=13) и од Скопје (N=4). Просечната возраст на припадниците на доцната адолесценција е 21,7 години (21,3 години за машките и 22,2 години за женските), а просечната возраст на припадниците на раната возрасна доба е 27,3 години (27,4 години за мажите и 27,2 години за жените). Просечната возраст на сите испитаници изнесува 24,5 години (24,3 години за сите машки и 24,7 години за сите женски испитаници) (Табела 25).

Табела 25. Структура на примерокот на испитаници (возраст и пол)

| **Испитаници (N=17)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Возраст** | **Машки** | **Женски** | **Вкупно** |
| *Доцна адолесценција* | 3 | 5 | 8 |
| Процентуална застапеност | 37,5% | 62,5% | 47% |
| Просечна возраст во години | 21,3 | 22,2 | 21,7 |
| *Рана возрасна доба* | 5 | 4 | 9 |
| Процентуална застапеност | 55,6% | 44,4% | 53% |
| Просечна возраст во години | 27,4 | 27,2 | 27,3 |
| Вкупна процентуална застапеност | 47% | 53% | 100 |
| *Вкупен број на испитаници* | 8 | 9 | 17 |
| Просечна возраст во години | 24,3 | 24,7 | 24,5 |

## Мерен инструмент

### *Структурирано интервју за чувство на возрасност*

Со помош на овој мерен инструмент се дополнува и проширува знаењето за погледите и искуствата на младите во врска со критериумите за постигната возрасност и се стекнува поголемо разбирање околу чувството за процесот на постигнување на возрасноста (Прилог 3). Изработен е од страна на истражувачот за потребите на квалитативниот дел на ова истражување (Колевска, 2016).

Инструментот содржи две носечки прашања, а во согласност со одговорот на второто прашање, се поставуваат и соодветни експлораторни прашања (потпрашања). Сите прашања се отворени (без понудени алтернативи). Третото прашање се однесува на желбата/потребата на испитаниците да додадат нешто.

## Постапка

За пилот-истражувањето на овој инструмент беа избрани тројца испитаници кои ги пополнија првите два мерни интрументи (две лица од женски пол на возраст од 21 и 25 години и едно лице од машки пол на возраст од 30 години) во периодот на месец декември, 2016 година. Во интервјуто не беа пронајдени неразбирливи и двосмислени прашања и беа добиени разнообразни одговори од страна на интервјуираните млади возрасни.

Структурираното интервју беше спроведено со испитаници, кои учествуваа во квантитативниот дел на истражувањето и кои што имаа желба да соработуваат. При селектирањето, се водеше сметка за различноста на испитаниците според полот и возраста.

Со цел да се обезбеди учество во интервјуто, по завршувањето со пополнувањето на првите два инструменти, некои испитаници беа дополнително прашани дали пројавуваат интерес да бидат интервјуирани. Испитаниците беа известени за доброволноста во

искажувањето на нивните гледишта, за анонимноста и доверливоста на информациите што ќе ги изнесат и беа информирани дека нивните одговори ќе бидат запишувани. Им беше укажано и дека доколку некое прашање предизвика нелагоднот кај нив, можат да одбијат да дадат одговор или да го запрат интервјуто.

Локација на спроведувањето на интервјуто беше одредена по договор со испитаникот. Некои испитаници беа интервјуирани во истите простории откако ги пополнија двата инструменти од квантитативниот дел на истражувањето. Со останатиот дел од испитаците, интервјуто беше спроведено или во нивниот дом или во алтернативната просторија на здружението на граѓани. Интервјуирањето беше спроведено во претпладневните часови.

Беа направени обиди со можните етички средства да се предизвика интерес и да се добие согласност за учествување. Пред спроведувањето на интервјуто, накратко беше укажана целта и темата на истражувањето, при тоа се водеше сметка да се избегне непосакуваниот ефект на претпоставки за пожелни одговори кај испитаниците. Беше создаден амбиент на дружељубивост, но не беше изоставен потребниот степен на официјалност. Се водеше грижа за правилното разбирање на прашањата од страна на испитаниците. Беа наведени илустративни примери, како и фидбек на поддршка доколку испитаникот не се чувствуваше лагодно да даде искрен и релевантен одговор на дадено прашање. По потреба, преку парафразирање и резимирање, беше проверено дали е добро разбран одговорот на испитаникот. На крајот, на испитаниците им беше изразена благодарност за учеството.

Две од спроведените интервјуа се претставени во Прилог 4 и Прилог 5.

## Обработка на податоците

Прибраниот материјал од интервјуирањето беше подложен на тематска анализа. Најпрво, записите беа препрочитани и беа направени

забелешки околу стекнатите импресии. Откако добро беа проучени, се започна со кодирање на релевантните податоци. Потоа, кодовите дедуктивно беа организирани во обрасци, а обрасците групирани во теми. Следниот чекор беше ревизија на организацијата на материјалот во теми, со цел да се провери релијабилноста и валидноста на темите и да се утврди дали има потреба од нивно редефинирање. Во реализацијата на овој чекор беа побарани мислења од колеги, како и поткрепа во научната литература. На крај, беше произведен и конечен наратив за идентификуваните теми, во кој се прикажува доминацијата на темите и нивната поврзаност.

# НАОДИ

Со помош на квалитативниот дел од истражувањето, се добива одговор на вториот истражувачки проблем, кој се однесува на начинот на перципирањето на процесот на постигнување на возрасноста кај младите возрасни. Произлезени се две теми, од кои првата се поврзува со нивните размислувања (концепции), а втората со нивните чувства во однос на возрасноста (перцепции на себеси). Во Табела 26 е претставена дескрипцијата на кодовите кои ги структурираат темите.

Табела 26. Дескрипција на кодови

| **Код** | **Дескрипција** |
| --- | --- |
| Независност | Искази во поглед на станување независен или желба да се стекне независност (пр. од социјални врски, финансиски, начин на живот, и др.) како показател на возрасноста. |
| Одговорност | Искази кои укажуваат на индивидуална одговорност, во смисла да се биде одговорен за своите постапки и управување со одговорности како показател на возрасноста; Искази кои се однесуваат на општествена одговорност, во смисла да се даде придонес на други или на заедницата. |
| Самостојни одлуки | Искази кои се однесуваат на донесување на одлуки потпирајќи се на себеси за нешта од секојдневниот живот, но и за важни планови за иднината на единката. |
| Психосоцијална зрелост | Искази за способноста да се разбираат и менаџираат сопствените емоции во односот кон другите и да се креира животот кој се посакува. |
| Транзиции кон улоги | Искази кои го посочуваат преминот или желбата за премин кон улогите на возрасноста, како завршување на образованието, постојана работа, брак и семејство. |

## *Концепции за возрасноста*

Сфаќањата на младите околу дефинирањето на возрасноста во голема мера се однесуваат на индивидуалистички критериуми. Севкупно, младите сметаат дека за постигнувањето на возрасноста неопходно е исполнување на висок степен на когнитивен, емоционален, бихевиорален и биолошки развој.

Одредени погледи на младите укажуваат на неопходноста од стекнувањето на независност:

> *Емоционалната и финансиската независност сметам дека се клучни за постигнување на возрасноста (маж, 29 години).*
>
> *Пред сè финансиска независност, но и просторно одвојување од родителите. Не мора да е тоа преселување далеку од домот, но дефинитивно надвор од него (маж, 25 години).*
>
> *Станувањето на возрасна го поврзувам со психичко осамостојување и стекнување материјална независност (жена, 20 години).*

И преземањето на одговорност за себе и донесувањето на независни одлуки се покажаа како важни обележја на возрасноста во одговорите:

> *За да се постигне возрасноста потребна е зрелост и размислување за постапките и последиците од нив (жена, 23 години).*
>
> *Да биде одговорен и да може самостојно да размислува и да донесува одлуки (жена, 24 години).*
>
> *Да формира сопствени ставови и да донесува сопствени одлуки (жена, 26 години).*

Освен независноста, самостојното донесување одлуки и разумното однесување, во одредени погледи на младите, постигнатата возрасност се рефлектира и во стекнати психолошки квалитети на поединецот во односот кон себе, но и кон другите:

*Прилагодливост, мудрост, спокојство (маж, 24 години).*

*Одговорност, самосвест, самоконтрола, поседување на здрави механизми за справување со потешкотиите и постигнување на целите (жена, 30 години).*

*Искуство, работна способност, здрави животни навики, самоконтрола, самодисциплина, емпатија (маж, 26 години).*

*Да се однесува одговорно и совесно и да има изградени морални принципи во односот со другите луѓе (жена, 25 години).*

Постигнувањето на возрасноста се отсликува и во транзицијата кон улогите на возрасноста:

*Сам да си обезбедува средства за живот и притоа да може да се грижи за останатите во неговото семејство што не можат да ги обезбедат основните средства за живот (децата) (маж, 22 години).*

*Да биде свесен и да ги застапува своите права, да знае што е добро, а што лошо, да работи и да формира семејтво (маж, 27 години).*

Севкупно земено, гледиштата на младите возрасни околу постигнатата возрасност се однесуваат на независност (финансиско и емоционално одвојување од родителите), прифаќање на одговорноста за сопствените постапки, самостојно одлучување, рационално однесување, стекнување доблести, постигнување интегритет и водење грижа за други.

## *Перцепции на себеси во однос на возрасноста*

Самоперципираниот статус на возрасноста се разликува помеѓу младите возрасни, во зависност од тоа кои критериуми ги сметаат како неопходни за постигнатата возрасност и колку тие се чувствуваат дека ги исполнуваат истите.

За некои млади возрасни процесот на постигнување на возрасноста започнал кога престанале да живеат во родителскиот дом и започнале да водат независен начин на живот, со преземање на контролата за секојдневните обврски:

> *Самиот процес на осамостојување започна на 18 години кога се преселив во главниот град. Но, како возрасен целосно се почувствував кога минатата година добив размена која беше соодветно стипендирана и располагав со сопствени средства за живот (маж, 25 години).*

> *Процесот на настанувањето на возрасноста започна кога добив стипендија и почнав да живеам сама во друг град (жена, 21 година).*

Други млади возрасни, пак, сметаат дека отсуството на финансиската независност не им дозволува потполно да се почувствуваат како возрасни:

> *Во однос на вработеноста не се чувствувам возрасна, инаку во однос на разумност, образование и години се чувствувам како возрасна (жена, 25 години).*

> *Претежно се чувствувам возрасно, не сум вработен, што е проблем, но сум подготвен и способен и ја исполнувам улогата на возрасна единка колку што ми е дадена можност од средината (маж, 27 години).*

Прифаќањето на одговорноста за последиците од сопствените постапки, исто така има влијание во самоперципирањето на возрасноста:

*Како што преземав сè повеќе и повеќе одговорности откако започнав со студиите, станував сè повозрасен (маж, 25 години).*

*Луѓето од околината веќе не мораа да ми кажуваат што да правам и бев свесна за постапките и нивните последици (жена, 30 години).*

И способноста за разбирање и контрола на сопствените емоции, како и донесување правилни одлуки, претставува важен фактор за постигнувањето на чувството на возрасност:

*Кога емоционално созреав, воспоставив добри социјални контакти и почнав да донесувам одлуки кои се однесуваат на мене, но и на други (маж, 29 години).*

*Процесот на возрасноста настана кога започнав да донесувам самостојни одлуки. Но, ќе се почувствувам целосно возрасна, кога уште малку ќе созреам на емоционален план (жена, 26 години).*

Социјалната зрелост, исто така има важно влијание во перципирањето на постигнатата возрасност:

*Сметав дека станав возрасен откако луѓето од околината се заинтересираа за моите размислувања и почнаа да ме сфаќаат озбилно (маж, 30 години).*

*Комуникацијата со луѓе, начинот на размислување и однесување ме одвојува од адолесценцијата (жена, 26 години).*

Потполното постигнување на возрасноста кај младите возрасни се поврзува и со осознавањето на тоа кои се тие и како сакаат да изгледа нивниот живот:

*После посветено време на самата себе, пронаоѓајќи се како човек и лично и точно да ги определам моите цели кон идни-*

*ната, ќе се почувствувам целосно возрасна (жена, 23 години).*

*Ќе станам возрасен кога ќе определам кои се моите цели и планови за работа и основање семејство (маж, 26 години)*

Некои млади возрасни го сметаат комплетирањето на образованието како крај на процесот на настанувањето на возрасноста:

*Се сметам за возрасна единка откако завршив факултет и почнав да барам работа (жена, 23 години).*

*Сметам дека ќе се почувствувам возрасен за релативно краток период, кога ќе го завршам факултетот (маж, 22 години).*

И стабилизацијата преку стапувањето во брак и вработувањето со постојана работа претставува показател за постигнатата возрасност:

*Се чувствувам возрасно, единствена пречка ми е што не сум вработен и оженет, инаку во домот ги извршувам сите обврски (маж, 30 години).*

*Се чувствувам професионално способна да работам и заработувам (иако сѐ уште не сум вработена) и се чувствувам подготвено за сериозна романтична врска која подоцна би резултирала во брак (жена, 25 години)*

Доколку се земат во целост перцепциите на себеси околу постигнатиот статус на возрасна единка, може да се заклучи дека се поврзани со гледиштата, искуствата и доживувањата на младите возрасни. Еден дел од нив се чувствуваат дека ја исполнуваат улогата на возрасен поединец, односно го имаат постигнато својот идентитет, додека останатите, во некои области се чувствуваат како возрасни, а во некои сѐ уште не, т.е. се во потрага по својот идентитет (психосоцијален мораториум).

# ДИСКУСИЈА

Ова истражување ги испитува сличностите и разликите во застапеноста на димензиите на настанувањето на возрасноста и чувството на постигната возрасност кај младите возрасни од различен пол, кои припаѓаат во доцната адолесценција и раната возрасна доба.

*Дискусија во однос на димензиите на настанувањето на возрасноста*

Младите возрасни во Македонија покажаа високи нивоа на согласност во поглед на димензиите истражување на идентитет, отвореност/ можности и фокусираност на себеси. Делумна несогласност е изразена во однос на димензиите негативност/нестабилност и фокусираност на други. Овој наод е конзистентен со понапред споменатите наоди од истражувањата во Австрија и во Холандија (Sirsch, et al., 2009; Hill, et al., 2015). Може да се воочи дека периодот на настанување на возрасноста егзистира како посебен развоен период помеѓу адолесценцијата и возрасноста, а исто така, е позитивно доживеан од страна на македонските испитаници.

*Дискусија во однос на поврзаноста на димензиите на настанувањето на возрасноста со возраста*

Фокусираноста на други, како што беше и претходно споменато, е наменета да се коси со рамката на настанувањето на возрасноста и се смета за еквивалент на петте димензии на теоријата на настанувањето на возрасноста, а поврзана е со одговорност кон други и посветување на други (Reifman, Arnett & Colwell, 2007). Очекувано е возрасните кои не припаѓаат во периодот на настанување на возрасноста да пројават поголеми искуства на фокусираност на други, во споредба со младите возрасни.

Наодот од квалитативниот дел на истражувањето кој укажува дека стекнувањето на финансиска независност е еден од основните психолошки показатели, конзистентен е со поранешни студии кои откриле дека за младите возрасни денес е поверојатно субјективното дефинирање на возрасноста (Arnett, 2000; Benson & Furstenberg, 2003; Mayseless & Scharf, 2003; Settersten, 2006). Оваа компонента се чини дека е најистакната за станувањето на возрасен, бидејќи нејзиното постигнување заедно доаѓа со други транзиции на возрасноста. Финансиската самостојност овозможува независност, емоционална стабилност, индивидуална и социјална одговорност и можност за премин кон улоги на возрасноста, како стапување во брак, формирање семејство и водење на домаќинство. Мороу и Ричардс (Morrow & Richards, 1996) утврдиле дека високите нивоа на невработеност претставуваат тешкотија за постигнување на статусот на возрасна единка кај младите, произведувајќи неврамнотеженост помеѓу очекувањата на младите и реалноста на нивните искуства.

Квалитативниот наод за сфаќањето на возрасноста како станување на одговорна единка, ја поткрепи постоечката литература која го идентификува чувството на станување на индивидуално и социјално одговорен поединец, како еден од главните психолошките показатели (Arnett, 2000; Benson & Furstenberg, 2004; Mayseless & Scharf, 2003). На пример, Арнет откри дека младите Американци кои постигнале одговорна возрасност, биле одговорни за нивните постапки, можеле да донесат цврсти одлуки во согласност со нивните верувања и вредности и воглавно било поверојатно да воспостават рамноправни врски со родителите. Околу значењето на станувањето на возрасна единка во израелска студија, пронајдено е дека во дефинирањето на возрасноста, младите најмногу ги истакнале прифаќањето на одговорност за последиците од своите постапки и одлучувањето според сопствени верувања и вредности независно од родителите и другите влијанија (Mayseless & Scharf, 2003). Може да се воочи дека и младите од Македонија ја искусуваат оваа возраст на субјективна и психолошка возрасност и едно од најзначајните размислувања е започнувањето на

развојот на чувството на одговорност. Тие, исто така, истакнуваат дека одговорноста оди подалеку од социјалните показатели на психолошка стабилност.

Тежнеењето кон независната и автономната добросостојба, што претставува типичен феномен меѓу младите во земјите ширум светот, е значително нагласено и кај младите Македонци. Независноста е означена и од страна на одговорноста, самостојноста и донесувањето на одлуки. Квалитативните наоди, исто така, посочуваат дека за младите од Македонија позначајни се индивидуалните верувања, вредности и ставови, а помало значење имаат објективните показатели на возрасноста. Ова е илустрирано кај младите чии перцепции на возрасноста во голема мера зависат од сопствените искуства и гледишта. Рихтер и Пандеј (Richter & Panday, 2006), во својата студија, исто така, откриле дека младите во Јужноафриканската Република ја истакнале психолошката автономија преку независното донесување на одлуки, прифаќање на последиците од сопствените постапки, контрола над емоциите и однесувањето со возрасните на рамноправна основа. И во студијата на Арнет, Рамос и Џенсон, е откриено дека младите ја поврзуваат возрасноста со автономните верувања и вредности (Arnett, Ramos, & Jenson, 2001).

Идентификувањето на постигнатата емоционална зрелост како психолошки показател на возрасноста е исто така квалитативен наод, што е конзистентен со наодите од претходно спроведени студии, кои ги идентификувале емоционалната контрола, стабилноста, зрелоста и самоконтролата како клучни атрибути на станувањето на возрасна единка низ светот денес (Arnett, 2000; Benson & Furstenberg, 2004; Mayseless & Scharf, 2003). Овие студии укажуваат дека сè повеќе и повеќе, особено во индустријализираните и урбанизираните подрачја, преминот кон возрасноста е обележан од стекнување на чувство на автономија, финансиска независност, самоконтрола, емоционална зрелост и индивидуална одговорност.

Во ова истражување, фокусираноста на други делумно не е изразена. Тоа го рефлектира фактот што испитаниците сè уште не се вработени и не се во брак. Сепак, наодот укажува дека фокусираноста на други е во поголема мера присутна кај младите од рана возрасна доба, во споредба со младите во доцна адолесценција. Овој наод се совпаѓа со наодите од спроведените студии во Романија, Бразил, Малезија, Холандија и Австрија (Negru-Subtirica, 2012; Dutra-Thomé, 2013; Wider et al, 2015; Hill et al., 2015; Sirsch et al., 2009). Дополнително, интересно е да се напомене дека кога македонските испитаници беа поделени во три возрасни групи (од 19 до 22 години, од 23 до 26 години и од 27 до 30 години) и беше направена споредба во просечните скорови, забележан е постепен пораст на застапеноста на фокусираноста на други, при што кај младите од 27 до 30 години веќе е пројавена делумна изразеност на оваа димензија. Со зголемувањето на возраста кај единките, се интензивира севкупното чувство на тоа кои се тие и поседуваат попотполна идеја околу типот на поединец со кој би сакале да бидат во долготрајна врска (Nelson & Barry, 2005). Поголемата изразеност на фокусираноста на други кај повозрасните млади, би укажувало на тоа дека тие во поголем степен ја исполниле оваа значајна задача и постигнале синтеза на идентитетот до одреден степен.

Спротивно од поставената хипотеза, и фокусираноста на себеси е во поголема мера изразена кај младите од раната возрасна доба, во споредба со младите од доцната адолесценција. Како и да е, ориентацијата кон фокусираност на себеси би можела да се поврзе со прогресот кон постигнување на возрасноста (Arnett, 2004). Во овој случај, фокусираноста на себеси би била асоцијација на напредување кон креирање на независност која би овозможила успешна реализација на улогите на возрасноста. Точно е дека посветувањето во љубовта и работата е поврзано со фокусираноста на други, но пред самото постигнување на обврзаноста кон други, потребно е поединците да станат свесни за тоа што сакаат, односно неопходна е подлабока фокусираност на себеси (Dutra-Thomé, 2013). Може да се заклучи дека,

целта на зголемената фокусираност на себеси е градењето на темелот за ефективна фокусираност на други.

Отвореноста/можностите, како што беше наведено во поставената хипотеза помалку е изразена кај младите во раната возрасна доба, од младите во доцната адолесценција. Објаснувањето е дека младите од раната возрасна доба започнуваат посериозно да размислуваат за стабилизација и наоѓање на своето место во општеството, а исто така искусуваат и поголем социјален притисок за транзиција кон возрасноста, што резултира во помал простор или желба да се истражува пред самото преземање на улогите и одговорностите на возрасноста (Hill et al., 2015). За младите од доцната адолесценција, оптимизмот за иднината е поголем, бидејќи малку врати им биле затворани и нивните соништа сè уште се присутни. За разлика од нив, младите од раната возрасна доба во поголема мера стекнале искуства дека објективната реалност се разликува од идеите кои првично ги замислиле (Arnett, 2007).

Дискутираните наоди упатуваат на тоа дека овој животен период генерално се однесува на пронаоѓање на сопствениот пат во животот. Мноштвото млади од доцната адолесценција преминуваат од средно кон високо образование и постепено започнуваат да воспоставуваат независност од примарното семејство. Младите од раната возрасна доба започнуваат со потрага по постојано вработување и воспоставување на поинтимни врски. Овие различни траектории во согласност со возраста, се чини дека влијаат на степенот до кој младите се фокусираат на други или на себеси и на перципирањето на опсегот на достапните можности.

Во однос на изразеноста на димензијата истражување на идентитет не се пронајдени разлики помеѓу младите од доцна адолесценција и младите од рана возрасна доба. И наодот од претходно споменатата полска студија на доцни адолесценти, млади возрасни и возрасни оди во насока дека истражувањето на идентитетот сè уште е изразено и кај возрасните кои ги исполнуваат развојните задачи на возрасноста (Oleszkowicz & Misztela, 2015). Оваа карактеристика на настанувањето на

возрасноста се чини дека останува под влијание на културалните трендови кои се од погенерален карактер: зголемување на брзината на животот, текот на големата количина на информации, мешањето на културалните модели, растот на индивидуалистичките тенденции, итн. Глобализираната реалност станува сè помалку постојана и поединецот е непрекинато затрупан со нови препораки за тоа како да се живее подобар живот. Како последица на овие трендови, процесот на формирање на идентитетот постепено се продолжува, особено во областа на политичките и религиозните погледи (Sugimura & Mizokami, 2012), додека значењето на новите аспекти на идентитетот како подготвеност за промена, константно расте (Anthis & LaVoie, 2006).

Иако се очекуваше дека младите во доцната адолесценција ќе изразат повисоки нивоа на негативност/нестабилност од младите во раната возрасна доба, наодот укажува дека оваа димензија делумно не е застапена во целиот примерок, односно разлики во степенот на изразеност помеѓу двете возрасни групи не се откриени. Овие наоди делумно се совпаѓаат со наодите од американска студија на студенти, млади со завршено средно образование и млади со завршено високо образование. Совпаѓањето е во поглед на тоа што не се пронајдени разлики во изразеноста на оваа димензија помеѓу групите, но разликата е во тоа што оваа димензија е во голем степен изразена помеѓу американски млади возрасни (Zorotovich, 2014). Причината за оваа разлика лежи во поголемите можности во американското високо образование за избирање на различни предмети, пред да се донесе одлука за избор на професијата, како и за промена на насоката на студирање. Исто така, во САД поголем е изборот и на работни места со скратено работно време. Менувањето на образовни насоки и работни места бара од американските млади нови прилагодувања, така што овој животен период го перципираат како време на стрес и нестабилност, за разлика од македонските млади, кои треба да ја изберат насоката на студирање веднаш по завршувањето на средното образование и немаат многу можности за менување на работни места, особено во текот на

студирањето. Американските млади во поголема мера искусуваат и станбени промени, преселувајќи се во рамките на американските држави или во Европа, поради следење на индивидуални интереси, што не е многу типично за мноштвото млади кои живеат во Македонија.

*Дискусија во однос на поврзаноста на димензиите на настанувањето на возрасноста со полот*

Иако, во согласност со научната и стручната литература беше претпоставено дека жените во поголем степен ја развиваат фокусираноста на други од мажите, наодите укажаа дека не постои разлика во развиеноста на оваа димензија помеѓу двата пола. Дополнително, откриено е дека кај жените во поголема мера се изразени истражувањето на идентитетот и фокусираноста на себеси. Сличен дополнителен наод е добиен и во компаративна студија на студенти и млади работници во Италија и Јапонија, каде е пронајдено дека жените во Јапонија имале повисок просечен скор за димензијата фокусираност на себеси од мажите, а за жените во Италија повисокиот просечен скор бил за димензијата истражување на идентитет, во споредба со мажите (Crocetti et al., 2015). И во бразилската студија на млади возрасни откриено е дека истражувањето на идентитетот е во поголема мера изразено кај жените (Dutra-Thomé, 2013). А во претходно споменатата романска студија на средношколци и студенти во прва и втора година, откриено е дека за време на средното образование кај мажите има повисока застапеност на овие две димензии, додека пак за време на студиите, двете димензии во поголема мера се изразени кај жените (Negru-Subtirica, 2012).

Добиените резултати би сугерирале дека жените чувствуваат поголема напрегнатост при наоѓањето на нивната насока кон возрасноста, од мажите. Родовите стереотипи се сè уште присутни и јасноста на улогите на мажите останува (пр. вработување, сопруг и татко), додека жените можно е да се обидуваат да ја балансираат идејата за разнообразни идни

улоги (пр. вработена, примарна негувателка на децата, и др.) (Jensen et al., 2004). Ова е дел од објаснувањето за тоа зошто мажите чувствуваат помала фокусираност на себеси и помала потреба за истражување на идентитетот за време на настанувањето на возрасноста. Уште една причина за тоа зошто жените чувствуваат поголем бран на експлорација на себеси, можно е да е поради искусувањето на поголемо надгледување од родителите во адолесцентниот период, во споредба со мажите и поради зголемената независност од родителите после запишувањето на факултетот. Како трета причина може да се спомене тоа што културално, жените се повеќе охрабрувани да ги истражуваат и да ги изразуваат чувствата, во споредба со мажите. Мажите кои се емоционално експресивни се потенцијални жртви на исмејување од пријателите и колегите (Way, 2011). Четвртата причина која може да биде земена предвид е тоа што, во спротивност од минатото, жените имаат можност да избираат животни насоки од другата страна на бракот и родителството, што може да доведе до тоа да имаат поголема свесност и да бидат приврзани на сопствените верувања и вредности (Dutra-Thomé, 2013). И последната причина која би била поврзана со експлорацијата на себеси е тоа што жените чувствуваат поголем притисок во однос на надворешниот изглед. Списанијата кои се фокусираат на женската популација содржат совети за здрава исхрана, вежби за одржување на физичката форма, продукти за убавина и совети за тоа како да им бидат атрактивни на мажите (Arnett, 2010; Ballentine & Ogle, 2005). Во овој случај, тие се напрегаат да ги постигнат очекувањата за жените кои се наметнати од медиумите.

*Дискусија во однос на чувството на постигната возрасност*

Севкупно земено, во оваа студија младите возрасни се изјаснија дека не се чувствуваат целосно како возрасни поединци. Според Арнет (Arnett, 2001), само после триесеттата година, мноштвото поединци веруваат дека потполно го постигнале возрасниот статус. Па така, во согласност со

поставената хипотеза, изразеноста на чувството на постигната возрасност е поголема кај младите од раната возрасна доба, во споредба со младите од доцната адолесценција. Овој наод е конзистентен со наодите на повеќе студии спроведени во различни држави, вклучувајќи ги САД (Arnett, 1997; Arnett, 2001; Lowe et al., 2013; Johnson, Berg & Sirotzki, 2007), Австрија (Sirsch et al., 2009), Данска (Arnett & Padilla-Walker, 2015) и Полска (Oleszkowicz & Misztela, 2015). Со напредувањето на хронолошката возраст, експлорирајќи се себеси, поединецот постепено го зголемува степенот на добро разбирање и хармонично интегрирање на своите чувства, сознанија или интереси, што доведува до повисоко чувство на возрасност на индивидуален и релациски план.

Во однос на полот не се пронајдени разлики во изразеноста на чувството на постигната возрасност. Овој наод е во согласност со наодот од понапред спомената малезиска студија на студенти (Wider et al., 2015). Иако жените генерално ги искусуваат транзициите кон улогите на возрасноста порано од мажите (Zupančič et al., 2014), сепак возможно е примерокот да ги елиминарал овие разлики, бидејќи и жените ги одложуваат транзициите на возрасноста за подоцна. Ова означува дека ќе беше возможно да произлезат разлики помеѓу двата пола, доколку испитаниците не беа селектирани во однос на критериумите да немаат стапено во брак и да не се вработени.

Добиените наоди од квалитативниот дел на истражувањето донекаде се во согласност со аргументот на Арнет (Arnett, 2000), дека денешните млади ја доживуваат возрасноста субјективно или индивидуалистички. Според него, настанувањето на возрасноста е обележано со субјективни показатели како станување независен, постигнување емоционална зрелост, стекнување финансиска независност и социјална и индивидуална одговорност. Сепак, некои млади во ова истражување ги нагласуваат и традиционалните критериуми за постигнување на возрасноста.

И покрај актуелноста на индивидуалистичките показатели на возрасноста, наодите од перцепциите на македонските млади возрасни одат и во насока на важноста на традиционалните показатели на возрасноста. Во една американска студија, исто така, младите ги истакнуваат вработувањето и кариерната постојаност, како и водење грижа за семејство како важни показатели на улоги на возрасноста (Lopez et al., 2005). Во слична студија од Израел, младите ги посочиле вработеноста, постојаната кариера, завршувањето на образованието, бракот, формирањето семејство, водењето на домаќинство и посветеноста на долготрајна врска како умерено важни индикатори на возрасноста (Mayseless & Scharf, 2003).

Сепак, уште еден забележлив тренд во истражувањата на науката за развојот во врска со настанувањето на возрасноста е дека дефинициите на младите за возрасноста се разнообразни (Benson & Furstenberg, 2004; Shanahan, Porfeli & Motimer, 2005). Понекогаш, нивните дефиниции се субјективни, а во други случаи се базираат на општествени настани. Ова е ситуацијата помеѓу младите возрасни од Македонија. Дел од нив истакнаа дека транзициите на улоги како завршување на образованието, наоѓање работа, стапување во брак се неопходни и важни индикатори за возрасноста. Истовремено, младите укажаа на важноста и на психолошките показатели, како чувство на стекнување независност, одговорност, финансиска автономност и емоционална сигурност.

Младите возрасни од Македонија ги користат и субјективните, но и традиционалните критериуми во перципирањето на транзицијата кон возрасноста. Со овие аргументи, се воочува дека преминот кон возрасноста е променет од релативно јасна, линеарна патека до комплексен, поделен и индивидуализиран процес, во зависност од способноста на секоја млада единка да управува со нејзината насока низ мноштвото на значајни настани (Dwyer et al., 2003). Ова укажува дека клучните транзиции на улоги се завршување на образование, вработување, отселување од домот, стапување во брак и станување на родител. Но, доколку се разгледуваат поединечно, ниедна од овие

транзиции не е неопходна или доволна за постигнување на возрасноста, но сите заедно го означуваат стадиумот на возрасноста во развојот на животниот век и служат како основа за насочување на психолошкото разбирање на тоа што е потребно да се биде возрасен поединец.

Може да се заклучи дека би било соодветно повторно да се евалуира начинот на кој развојот на возрасниот поединец би се мерел преку користење на варијациите на традиционалните и индивидуалистичките транзиции, со цел да се опфатат суптилните разлики на развојот на младите возрасни. Овие разлики се внесени во индивидуалните искуства при процесите на транзиција како школување, работа, група на врсници и семејство. Индивидуалистичките концепции на возрасноста се вградени во традиционалните и постигнувањето на традиционалните показатели за време на настанувањето на возрасноста го поттикнува соодветното психолошко дефинирање на возрасноста.

Наодите од ова истражување укажуваат дека младите од Македонија, како и останатите млади низ светот, сведочат за нов начин на разбирање на возрасноста, каде дефинициите на возрасноста, иако се субјективни во повеќе погледи, може да се каже дека се разнообразни. Оваа студија ги поддржува погледите дека има промена во перципирањето на возрасноста преку употреба на психолошки показатели и во некои случаи, дефинициите на возрасноста се разновидни поради тоа што многу од младите возрасни сè уште не се потполно возрасни и немаат комплетно искусено што значи да се биде возрасен.

*Ограничувања на истражувањето*

Ова истражување за димензиите на настанувањето на возрасноста и чувството на постигната возрасност кај младите возрасни во Македонија, освен што придонесува за разбирањето на перцепциите на младите околу тоа што значи да се преминува кон возрасноста, за прв пат ја поставува оваа истражувачка тема и отвора можност за нови понатамошни студии. Но, оваа студија има свои ограничувања.

Истражувачките хипотези се проверени само на пригоден примерок, кој е релативно мал, особено потпримерокот на младите во раната возрасна доба, така што не мора да биде репрезентативен, што секако има влијание и на можноста за сигурна генерализација. Исто така, во истражувањето не се вклучени млади возрасни кои не се инволвирани во високо образование, т.е. млади кои не го продолжиле школувањето после средното образование. Во рамки на актуелното истражување во најголема мера опфатени беа младите од урбаната средина, но не и младите од рурални средини. Исто така, не може да се каже дека примерокот е разновиден од аспект на етничката припадност на испитаниците, иако фигурира незначителен број на припадници на етничките малцинства.

Во оваа студија не е направена споредба на перцепциите од страна на младите возрасни со перцепциите за истиот период од страна на адолесцентите (под 19 години) и возрасните (над 30 години).

Во истражувањето беа користени мерни инструменти кои се засноваа на самоизвестување. Тоа секако влијае врз начинот на одговарање во насока на помало или поголемо точно известување од страна на младите возрасни од машки и женски пол, во зависност од тоа што едните или другите сметаат дека се социјално пожелни одговори.

И за квалитативниот дел на истражувањето, потребно е да се истакне дека беше формиран пригоден примерок. Примерокот е релативно мал, иако не е невообичаен за квалитативно истражување (Brown & Rodriguez, 2009; Hayes et al., 2010; според Katsiaficas, Suárez-Orozco, & Dias, 2014). Исто така, не е исклучена можноста за влијанието на самоселективната пристрастност врз композицијата на примерокот. Во примерокот, сите испитаници се студенти или млади со завршено универзитетско образование од македонска национална припадност, кои живеат во урбана средина. Сепак, и покрај тоа што добиените податоци не се генерализирачки, откриваат одредени обрасци и овозможуваат увид во погледите и искуствата на младите.

*Сугестии за натамошни истражувања, политики и програми*

Утврдувањето на перципирањето на процесот на постигнување на возрасноста кај младите возрасни сугерира на понатамошни студии, изготвување на политики, стратегии и специфични целни интервентни програми.

Идните истражувачи на оваа тема би можеле да се насочат кон вклучување на млади од рурални средини, како и млади со завршено средно образование во примерокот. Исто така, во идни истражувања би можело да се направи компарација помеѓу млади од различна етничка припадност, како и да се испитаат погледите на поединци од различни развојни периоди (пр. адолесценти, млади возрасни и возрасни). Уште еден предлог за идно формирање на примерок би бил и вклучување на млади кои се вработени и/или во брак со цел да се испита дали ги искусуваат развојните промени карактеристични за овој возрасен период.

Арнет (Arnett, 2003) смета дека квалитативните истражувања се многу важни за продлабочено разбирање на искуствата на младите во периодот на настанувањето на возрасноста. Според неговото истражувачко искуство, особено моќна е комбинацијата на квантитативен и квалитативен метод. Бидејќи истражувачката практика за периодот на настанувањето на возрасноста повеќе се базира само на квантитативни истражувања, тој верува дека ваквата нерамнотежа не е најдобриот начин да се развива знаењето за овој животен период.

Идните истражувачи би можеле да го употребат овој метод за да се проучи транзицијата кон возрасноста кај други млади возрасни со слични или различни социодемографски карактеристики и да се провери дали овие наоди ќе бидат повторени или до кој степен и на кој начин ќе се разликуваат.

Голем број неодамнешни истражувања откриле дека социјалната поддршка е особено важна за време на настанувањето на возрасноста. Дополнително, пронајдено е дека степенот до кој им е овозможено на

младите возрасни да се развиваат и потпираат на мрежите за поддршка, има директно влијание на нивната способност за адаптација на разновидни нормативни искуства и транзиции (Lane, 2015).

Во некои истражувања откриено е дека постигнатиот идентитет на возрасна единка се поврзува со различни придобивки за менталното здравје, додека чувствувањето дека сè уште не е постигната возрасноста е поврзано со депресија, анксиозност и социјална неприлагоденост (Nelson & Barry, 2005; според Lowe et al., 2013).

Тековните трендови во медиумите се чини ја развиваат сторијата дека денешните млади се нарцистични, мрзеливи и бараат премногу. Ваквите гледишта не придонесуваат кон емпатично разбирање на потребите на младите. Па така, потребно е професионалците да ја проучат теоријата на Арнет при концептуализацијата на нивната работа со младите. Кај младите е изразено пролонгираното истражување на идентитет (кое се толкува како мрзеливост), оптимистичкото размислување за иднината (кое се образложува како барање премногу) и повисокото ниво на фокусираност на себеси (кое се објаснува како нарцисоидност). Препознавањето и нормализирањето на овие карактеристики е важно за унапредувањето на разбирањето на промените низ кои поминуваат младите. На младите им е потребна поддршка во подигнувањето на свесноста за развојната етапа на настанувањето на возрасноста, со што би се зголемило чувството на компетентност и сигурност при справувањето со неизвесноста на овој животен период.

Професионалците можат да им помогнат на младите луѓе да постигнат поголемо чувство на возрасност, неутрализирајќи ги негативните исходи, преку истражување на нивните улоги и врски и идентификување на активности што би можеле да овозможат зголемување на чувството на возрасноста. На пример, менторство и други форми на вклучување во заедницата може да дадат развојни придобивки. И едноставното поставување на прашања со кои од младите се бара да опишат случаи во кои се почувствувале како возрасни, може да им помогне на младите да ги осознаат начините на кои созреале, и покрај отсуството на традиционалните улоги на возрасноста. Дел од испитаниците кои

изразија желба да им бидат соопштени нивните резултати од прашалниците на ова истражување, посочија дека добиените информации би им помогнале да се надоградат како индивидуи и да осознаат на кои полиња е потребно да посветат поголемо внимание, со цел успешно преминување во перидот на возрасноста.

За да се овозможи успешен влез во периодот на возрасноста во контекстот на растечката економска и финансиска нестабилност, програмите би требало да бидат насочени кон барањата и потребите на младите. За да се постигне таа цел, потребно е да се инволвираат и младите во процесот дизајнирање на политиките.

Политиките треба да се стремат и кон информирање и промовирање на можностите за образование и работа, така што младите поуспешно би се интегрирале на пазарот на трудот.

# РЕЗИМЕ

Во поглавјето **Вовед**, се истакнува актуелноста за проучување на пролонгираниот премин кон возрасноста кај денешните млади возрасни како резултат на индустријализацијата во голем број земји низ светот. Истражувањето претставува прв обид во нашата земја за запознавање со погледите, искуствата и доживувањата на младите околу настанатите демографски и општествени промени и проучување на нивните сличности и разлики од аспект на возраста и полот.

Преку поглавјето **Теориска позадина**, презентирани се теориските придонеси на Ериксон, Левинсон, Кенистон и Ананјев, со акцент на теориската рамка на Арнет, која продолжената транзиција кон возрасноста ја концептуализира како посебен животен период – настанување на возрасноста. Дефинирани се сознанијата за карактеристиките на периодот на настанување на возрасноста и клучните показатели кои придонесуваат за постигнување на чувството на возрасност. Претставени се квантитативни и квалитативни релевантни истражувања од изминатите години, чии наоди ги утврдуваат размислувањата и чувствата на младите во поглед на преминот кон возрасноста. Од анализата на научната и стручната литература произлегуваат и шесте истражувачки хипотези во врска со првиот истражувачки проблем.

Во поглавјето **Метод** објаснети се: примерокот на истражувањето, мерните инструменти, постапката и применетата статистичка обработка на податоците. Во истражувањето е применет пригоден примерок на испитаници, вкупно 165 млади возрасни на возраст од 19 до 30 години, кои не се вработени и не се во брак, од кои 83 (50,3%) се од машки пол, а 82 (49,7%) се од женски пол, со просечна возраст од 23,12 години. Примерокот опфаќа две групи млади возрасни: првата група, припадници на доцна адолесценција (од 19 до 24 години), вкупно 105 (63,6%) студенти од универзитет и членови на невладини организации;

втората група, припадници на раната возрасна доба (од 25 до 30 години), вкупно 60 (36,4%) членови на невладини организации и учесници на неформални групи за едукација. Во актуелното квантитативно истражување користени се два мерни инструменти. Првиот мерен инструмент е инвентар за димензии на настанување на возрасноста, кој се состои од пет субскали: истражување на идентитет; експериментирање/ можности; негативност/нестабилност; фокусираност на себеси; фокусираност на други. Прашалникот за чувство на возрасност е вториот мерен инструмент, кој претставува скала од дванаесет ајтеми. Утврдена е релативно висока внатрешна конзистентност за инструментите, која се движи од $\alpha=.61$ до $\alpha=.80$. При статистичката обработка на податоците е користена постапката двонасочна анализа на варијанса. Степенот на статистичка значајност за анализите е на ниво $p<.05$.

Во поглавјето **Резултати,** наодите се презентирани во три дела. Во првиот дел се прикажани резултатите од дескриптивните показатели за димензиите на настанување на возрасноста и чувството на постигната возрасност, во рамките на двете возрасни групи и според полот. Во вториот дел се претставени резултатите од испитувањето на разликите во поврзаноста на димензиите на настанување на возрасноста и чувството на постигната возрасност во зависност од возраста и полот, преку двонасочната анализа на варијанса. Во третиот дел, се прикажани резултатите согласно поставените хипотези, преку прикажување на поврзаноста на димензиите на настанување на возрасноста и чувството на постигната возрасност со возраста и полот. Резултатот во однос на димензијата истражување на идентитет покажува значајна поврзаност само со полот, односно нејзината изразеност е поголема кај жените. Во однос на димензијата отвореност/можности, резултатот покажува значајна поврзаност со возраста, т.е. во поголем степен е изразена кај доцните адолесценти. Димензијата негативност/нестабилност нема значајна поврзаност со ниту една варијабла. Димензијата фокусираност на себеси значајно е поврзана и со возраста и со полот, односно повеќе е

изразена кај жените и кај младите од раната возрасна доба. Димензијата фокусираност на други покажува значајна поврзаност само со возраста, т.е. поголема е изразеноста кај припадниците на раната возрасна доба. Чувството на постигната возрасност значајно е поврзано со возраста, односно во поголем степен е изразено кај младите во раната возрасна доба. Интеракциските ефекти помеѓу возраста и полот не се статистички значајни за ниедна од димензиите на настанувањето на возрасноста, ниту пак за чувството на постигната возрасност.

Поглавјето **Квалитативен метод** ги содржи: примерокот на истражувањето, мерниот инструмент, постапката и обработката на податоците. Истражувањето е направено врз пригоден примерок од 17 испитаници кои не се вработени и не се во брак. Според полот, 8 се машки (47%) со просечна возраст од 24,3 години, а 9 се женски (53%) со просечна возраст од 24,7 години. Според возраста, 8 се припадници на доцна адолесценција (47%) и 9 се припадници на рана возрасна доба (53%). Вкупната просечна возраст на испитаниците изнесува 24,5 години. Мерниот инструмент за квалитативното истражување е структурирано интервју за чувство на возрасност, кое се состои од носечки и експлораторни прашања од одворен тип. За проверка на релијабилноста на инструментот беше спроведено пилот-истражување со тројца испитаници, така што беше откриено дека интервјуто не содржи неразбирливи и двосмислени прашања. За обработката на податоците беше применета тематска анализа.

Во следното поглавје **Наоди,** прикажана е дескрипцијата на кодовите кои ги структурираат двете произлезени теми: концепции за возрасноста и перцепции на себеси во однос на возрасноста. Во темата концепции за возрасноста презентирани се гледиштата на младите околу значењето на постигнувањето на возрасноста. Во темата перцепции на себеси во однос на возрасноста се прикажани доживувањата на младите околу нивниот степен на постигнатата возрасност.

Во поглавјето **Дискусија,** се елаборирани и компаративно анализирани добиените резултати со слични релевантни истражувања и

со постоечката научна и стручна литература. Во рамките на истото поглавје дадени се ограничувања на истражувањето и сугестии за натамошни истражувања, политики и програми. Резултатите од истражувањето упатуваат на неопходноста на изготвување на политики и програми со цел зголемување на свесноста и способноста на младите за соочувањето со развојните предизвици во периодот на настанувањето на возрасноста.

Во поглавјето **Користена литература,** презентиран е изборот на релевантна литература соодветно на темата на истражувањето.

Во последниот дел **Прилози,** дадени се трите инструменти применети во истражувањето и две од спроведените интервјуа.

# SUMMARY

The chapter **Introduction,** highlights the relevance of studying the prolonged transition to adulthood among today's young adults as a result of industrialization in many countries around the world. This research is the first attempt in our country to familiarize with the views, experiences and perceptions of young people about evolving demographic and social changes and to study their similarities and differences in terms of age and gender.

The **Theoretical Background** chapter presents the theoretical contributions of Erikson, Levinson, Keniston and Ananyev, with emphasis on the theoretical framework of Arnett, in which the extended transition to adulthood is conceptualized as a special life period - emerging adulthood. The knowledge about the characteristics of this period and the key indicators that contribute to achieving a sense of adulthood, are included in the chapter. This chapter also presents relevant quantitative and qualitative research in recent years, whose findings set out the thoughts and feelings of youth in terms of the transition to adulthood. The analysis of scientific and professional literature derives six research hypotheses in a response of the first research problem.

The chapter **Method** includes: the study sample, the measuring instruments, and the applied statistical data processing. The research uses a convenience sample of respondents, a total of 165 young adults aged 19 to 30 who are unemployed and unmarried, of which 83 (50.3%) are males and 82 (49.7%) are females, with an average age of 23.12 years. The sample includes two groups of young adults: the first group, belonging to late adolescence (19 to 24 years), 105 (63.6%) university students and members of nongovernmental organizations; the second group, belonging to early adulthood (25 to 30 years), 60 (36.4%) members of NGOs and participants of informal educational groups. Two measuring instruments are used in the current quantitative research. The first measuring instrument is inventory of the dimensions of emerging adulthood, which consists of five subscales: identity exploration; experimentation/possibilities; negativity/instability; self-focused; other-focused. A questionnaire for a sense of adulthood is the second measuring instrument, which is a scale that includes twelve items. The

internal homogeneity for the instruments is relatively high and ranges from $\alpha = .61$ to $\alpha = .80$. A two-way analysis of variance is used in the statistical data processing procedure. The level of statistical significance for the analysis is set at $p < .05$.

In the chapter **Results**, findings are presented in three parts. The first part presents the results of descriptive indicators for the dimensions of emerging adulthood and the sense of achieved adulthood within the two age groups and by gender. The second section presents the results of the differences in relation to the dimensions of emerging adulthood and the sense of achieved adulthood depending on age and gender, through the two-way analysis of variance. The third part presents the results according to hypotheses by showing the relationship of the dimensions of emerging adulthood and the sense of achieved adulthood with age and gender. The result in terms of the dimension identity exploration shows a significant association only with gender, i.e., its expression is higher in women. In terms of the dimension exploration/possibilities, the result shows a significant association with age, i.e. it is expressed to a greater extent among late adolescents. The dimension negativity/instability has no significant association with the variables. The dimension self-focused is significantly associated with age and gender, i.e. it is more expressed in women and in youth from early adulthood. The dimension other-focused shows significant association only with age, i.e. it is more prevalent in early adulthood. The sense of achieved adulthood is significantly associated with age, i.e. it is represented to a greater extent in early adulthood. Interaction effects between age and gender are not statistically significant for any of the dimensions of emerging adulthood, neither for the sense of achieved adulthood.

The chapter **Qualitative Method** includes: the study sample, the measuring instrument, the procedure and the data processing. The survey was conducted on a convenience sample of 17 respondents who are unemployed and unmarried. In respect to gender, 8 are males (47%) with an average age of 24.3 years, and 9 are females (53%) with an average age of 24.7 years. In respect to age, 8 are belonging to late adolescence (47%) and 9 are belonging to early adulthood (53%). The overall average age of respondents is 24.5 years.

The measuring instrument for the qualitative research is a structured interview for a sense of adulthood, consisting of load-bearing and exploratory questions of opened type. In order to check the reliability of the instrument, a pilot study with three subjects was conducted. It was discovered that the interview does not contain confusing and ambiguous questions. A thematic analysis was applied for the processing of data.

The **Findings** chapter includes a description of the codes that structures the both of derived themes: conceptions of adulthood and self-perceptions of adulthood. In the concepts of adulthood topic, the views of young people about the importance of achieving adulthood are presented. In the self-perception of adulthood topic, the experiences of young people about their level of achieved adulthood are shown.

In the chapter **Discussion,** the results with similar relevant research and current scientific and professional literature are elaborated and comparatively analyzed. Within the same chapter, the limitations of the study and the suggestions for further research, policies and programs are given. The survey results point to the necessity of developing policies and programs to increase awareness and ability of young people to face the developmental challenges in the period of emerging adulthood.

The chapter **References**, presents a selection of relevant literature appropriate to the topic of research.

In the part **Annex,** the three instruments used in the research and two of the conducted interviews are given.

**Користена литература**:

Anthis, K. & LaVoie, J.C. (2006). Readiness to change: A longitudinal study of changes in adult identity. *Journal of Research in Personality, 40, 2,* 209-219. doi:10.1016/j.jrp.2004.12.004

Arnett, J. J. (2017). Emerging adulthood. In R. Biswas-Diener & E. Diener (Eds), *Noba textbook series: Psychology*. Champaign, IL: DEF publishers. doi:nobaproject.com

Arnett, J. J. (2015). Does Emerging Adulthood Theory Apply Across Social Classes? National Data on a Persistent Question. *Emerging Adulthood, 4, 4,* 227-235. doi:10.1177/2167696815613000

Arnett, J.J. & Padilla-Walker, L. (2015). Danish emerging adults' conceptions of adulthood. *Journal of Adolescence, 38,* 39-44. Преземено на 21 август 2016, од http://www.jeffreyarnett.com/2015DanishEA.pdf

Arnett, J.J. (2014). Presidential Adress: The Emergence of Emerging Adulthood: A Personal History. *Emerging Adulthood, 2, 3,* 155-162. doi: 10.1177/2167696814541096

Arnett, J. J. (2013). The Evidence for Generation We and Against Generation Me. *Emerging Adulthood, 1,1,* 5-10. doi: 10.1177/2167696812466842

Arnett, J.J. (2011). Emerging adulthood(s): The cultural psychology of a new life stage. *Bridging cultural and developmental psychology: New syntheses in theory, research, and policy,* 255-275.

doi:10.1093/acprof:oso/9780195383430.001.0001

Arnett, J.J. (2010). Media. *Adolescence and Emerging Adulthood: A Cultural Approach,* 255-275. New Jersey: Prentice Hall

Arnett, J. J. (2007). Emerging Adulthood: What Is It, and What Is It Good For? *Child Development Perspectives, 1,* 68-73. Преземено на 31 август, 2016, од http://jeffreyarnett.com/ARNETT_2007_Emerging_Adulthood_

What_is_it_and_What.pdf

Arnett, J.J. (2007). Suffering, Selfish, Slackers? Myths and Reality About Emerging Adults. *Journal of Youth and Adolescence, 36, 1,* 23-29. doi: 10.1007/s10964-006-9157-z

Arnett, J. J. (2007). The Long and Leisurely Route: Coming of Age in Europe Today. *Current History: A Journal of Contemporary World Affairs, 106,* 130-136.

Arnett, J.J. (2006). Emerging Adulthood: Understanding the New Way of Coming of Age. *Emerging adults in America: Coming of age in the 21st century*. Washington, DC, US: American Psychological Association, *12, 340,* 3-19. Преземено на 29 септември 2016, од http://a1.phobos.apple.com /us/r30/CobaltPublic/v4/e8/17/bc/e817bc94-cf40-5cf2-b7a0-0ffa5bbf8e96/108-2370347507287973706-emerging_adulthood.pdf

Arnett, J.J. (2004). *Emerging Adulthood: The Winding Road From the Late Teens Through the Twenties*. New York: Oxford University Press

Arnett, J.J. (2003). Conceptions of the transition to adulthood among emerging adults in American ethnic groups. *New Directions for Child and Adolescent Development, 100,* 63-75. doi:10.1002/cd.75

Arnett, J.J. (2003). The Psychology of Emerging Adulthood: What Is Known, and What Remains to Be Known? In *Emerging Adults in America: Coming of Age in the 21st Century, edited by Arnett & Tanner,* 303-330. Washington, DC: American Psychological Association

Arnett, J.J. (2001). Conceptions of the transition to adulthood: Perspectives from adolescence through midlife. *Journal of Adult Development, 8,* 133-143. doi:10.1023/A:1026450103225

Arnett, J.J., Ramos, K.D., & Jenson, L.A. (2001) Ideological views in emerging adulthood: Balancing autonomy and community. *Journal of Adult Development, 8(2),* 69-79. doi: 10.1023/A:1026460917338

Arnett, J.J. (2000). Emerging Adulthood. A Theory of Development From the Late Teens Through the Twenties. *American Psychologist, 55, 5,* 469-480. doi: 10.1037//0003-066X.55.5.469

Arnett, J.J. (2000). High hopes in a grim world: Emerging adults' views of their futures and of "Generation X." *Youth & Society, 31,* 267–286. Преземено на 18 септември 2016, од http://citeseerx.ist.psu.edu/viewdoc/

download?doi=10.1.1.461.7044&rep=rep1&type=pdf

Arnett, J.J. (1998). Learning to stand alone: The contemporary American transition to adulthood in cultural and historical context. *Human Development, 41,* 295-315 Преземено на 22 септември 2016, од

http://www.jeffreyarnett.com/articles/ARNETT_Learning_to_stand_alone.pdf

Arnett, J.J. (1997). Young people's conceptions of the transition to adulthood. *Youth & Society, 29,* 1-23. Преземено на 23 септември 2016, од

http://jeffreyarnett.com/articles/arnett1997youngpeoplesconceptionsofthetra youngpeoplesconcep.pdf

Arnett, J.J. (1995). Are college students adults? Their conceptions of the transition to adulthood. *Journal of Adult Development, 1,* 213-224. doi:10.1007/BF02277582

Arnett, J.J. & Taber, S. (1994). Adolescence terminable and interminable: When does adolescence end? *Journal of Youth and Adolescence, 23,* 517-537

Ананьев, Б.Г. (2001). *Человек как предмет познания.* Санкт-Петербург: Питер Бук. Пристапено на 01 октомври 2017, на http://klex.ru/3ol

Ballentine, L.W. & Ogle, J.P. (2005). The Making and Unmaking of Body Problems in Seventeen Magazine, 1992 – 2003. *Family and Consumer Sciences Research Journal, 33,* 281-307. doi: 10.1177/1077727X04274114

Badger, S., Nelson, L.J. & Barry, C.M. (2006). Perceptions of the transition to adulthood among Chinese and American emerging adults. *International Journal of Behavioral Development, 30, 1.* doi: 10.1177/0165025406062128

Benson, J. & Furstenberg F. (2004). *Subjective Perceptions of Adulthood among Urban Youth: Are Demographic Transitions Still Relevant?* Paper prepared for the Population Association of America's Annual Meeting, Boston, MA

Berg, J.A. (2007). Subjective Age Identity during the Transition to Adulthood: Psychological and Social Perspective. *Social Thought & Research, 28, Social "Movements",* 145-163

Bergland, C. (2013). Scientists Identify why Girls Often Mature Faster Than Boys. *Psychology Today.* Пристапено на 14 август, 2016 на https://www.psychologytoday.com/blog/the-athletes-way/201312/scientists-identify-why-girls-often-mature-faster-boys

Buhl, H.M. & Lanz, M. (2007). Emerging Adulthood in Europe: Common Traits and Variability Across Five European Countries. *Journal of Adolescent Research, 22, 5,* 439-443. doi: 10.1177/0743558407306345

Cohen, P., Kasen, S., Chen, H., Hartmark, C. & Gordon, K. (2003). Variations in patterns of developmental transitions in the emerging adulthood period. *Developmental Psychology, 39,* 657-669. doi: 10.1037/0012-1649.39.4.657

Çok, F. & Atak, H. (2015). Emerging Adulthood in Turkey: Does it (yet) Exist? *The Online Journal of Counseling and Education, 4, 3,* 46-75. Преземено на 14 ноември 2016, од http://www.tojce.com/frontend/articles/pdf/v4i3/46-75-Emerging-Adulthood-in-Turkey-Does-it-(yet)-exist%20(1).pdf

Crocetti, E., Tagliabue, S., Sugimura, K., Nelson, L.J., Takahashi, A., Niwa, T., Sugiura, Y., Jinno, M. (2015). Perceptions of Emerging Adulthood: A Study With Italian and Japanese University Students and Young Workers. *Emerging Adulthood, 3, 4,* 292-243. doi: 10.1177/2167696815569848

Dutra-Thomé, L. & Koller, S.H. (2014). Emerging Adulthood in Brazilians of Differing Socioeconomic Status: Transition to Adulthood. *Paidéia (Ribeirão Preto), 24, 59,* 313-322. doi: 10.1590/1982-43272459201405

Dutra-Thomé, L. (2013). *Emerging Adulthood in Southern Brazilians from Differing Socioeconomic Status: Social and Subjective Markers (Doctoral Dissertation).* Universidade Federal do Rio Grande do Sul. Instituto de Psicologia. Programa de Pós-Graduação em Psicologia. Преземено на 11 февруари 2017, од

http://www.lume.ufrgs.br/bitstream/handle/10183/76534/000886149.pdf

Dwyer, P. et al. (2003). *Life patterns, career outcomes and adult choices* (Research Report 23). Melbourne: Australian Youth Research Centre.

Frisén, A. & Wängqvist, M. (2011). Emerging Adults in Sweden: Identity Formation in the Light of Love, Work, and Family. *Journal of Adolescent Research, 26, 2,* 200–221. doi: 10.1177/0743558410376829

Furstenberg, F., Kennedy, S., McLoyd, V.C., Rumbaut, R.G., Settersten, R.A. (2004). Growing Up is Harder to Do. *Contexts, 3, 3,* 33-41. doi: 10.1525/ctx.2004.3.3.33

Fussell, E. & Furstenberg, F. (2005). The Transition to Adulthood during the 20th Century: Race, Nativity, and Gender. *On the Frontier of Adulthood: Theory, Research, and Public Policy.* Chicago: University of Chicago Press

Galambos, N.L., Turner, P.K. & Tilton-Weaver, L.C. (2005). Chronological and Subjective Age in Emerging Adulthood: The Crossover Effect. *Journal of Adolescent Research, 20, 5,* 538-556. doi: 10.1177/0743558405274876

Galambos, N.L., & Costigan, C.L. (2003). Emotional and personality development in adolescence. *In R.M. Lerner, M.A. Easterbrooks, & J.Mistry (Eds.), Handbook of psychology: Developmental psychology, 6,* 351-372. New York: Wiley

Hartley, R. (1991). Adulthood: The time you get serious about the rest of your life. *Family Matters, 30*. Преземено на 16 април, 2017 од

https://aifs.gov.au/publications/family-matters/issue-30/adulthood-time-you-get-serious-about-rest-your-life

Hill, J.M., Lalji, M., van Rossum, G., van der Geest, V.R., Blockland, A.A. (2015). Experiencing emerging adulthood in the Netherlands. *Journal of Youth Studies, 18, 8,* 1-22. doi: 10.1080/13676261.2015.1020934

Jensen, L.A., Arnett, J.J., Feldman, S.S., Cauffman, E. (2004). The right to do wrong: Lying to parents among adolescents and emerging adults. *Journal of Youth and Adolescence, 33,* 101-112. doi: 10.1023/B:JOYO.0000013422.48100.5a

Johnson M.K., Berg J.A. & Sirotzki T. (2007). Differentiation in self-perceived adulthood: Extending the confluence model of subjective age identity. *Social Psychology Quarterly, 70,* 243–261. doi: 10.1177/019027250707000304

Јанаков, Б. (2015). *Современа психологија на личноста.* Скопје: Филозофски факултет

Katsiaficas D., Suárez-Orozco, C. & Dias, S.I. (2014). "When do I feel like an adult?": Latino and Afro-Caribbean immigrant-origin community college students' conceptualizations and experiences of (emerging) adulthood. *Emerging Adulthood,* 1-15. doi: 10.1177/2167696814548059

Lane, J.A. (2015). Counseling Emerging Adults in Transition: Practical Applications of Attachment and Social Support Research. *The Professional Counselor, 5, 1,* 30-42

Lebowitz, S. (2015). *A psychologist says there's one key sign you've transitioned to adulthood.* Пристапено на 30 април 2017, од http://www.businessinsider.com/how-to-know-if-youre-an-adult-2015-10

Lopez, S., Frederick, G., Chervinko, T. S., Kinney, J., Bradley, M. (2005). What Does it Mean to be an Adult?: A Qualitative Study of College Students' Perceptions and Coping Processes. *Journal of College & Character, 6, 4.* doi: 10.2202/1940-1639.1424

Lowe, R.S., Dillon, C.O., Rhodes, J.E., Zwiebach, L. (2013). Defining Adult Experiences: Perspectives of a Diverse Sample of Young Adults. *Journal of Adolescent Research, 28, 1,* 31–68. doi: 10.1177/0743558411435854

Macek, P., Bejček, J. & Vaníčková, J. (2007). Contemporary Czech emerging adults: Generation growing up in the period of social changes. *Journal of Adolescent Research, 22,* 444-475. doi: 10.1177/0743558407305417

Mayseless, O. & Scharf, M. (2003). What does it mean to be an adult? The Israeli experience. *New directions for child and adolescent development,* 5-20. doi: 10.1002/cd.71

Mills, M. (2011). *Sex Difference vs. Gender Difference? Oh, I'm So Confused!* Пристапено на 25 април 2017, на https://www.psychologytoday.com/blog/ the-how-and-why-sex-differences/201110/sex-difference-vs-gender-difference-oh-im-so-confused

Morrow, V. & Richards, M. (1996). The Ethics of Social Research with Children: An Overview, *Children and Society, 10, 2,* 90-105. doi: 10.1111/j.1099-0860.1996.tb00461.x

Munsey, C. (2006). Emerging Adults: The in-between age. *Monitor Staff, 37, 6,* 68. Преземено на 20 април 2017, од http://www.apa.org/monitor/jun06/emerging.aspx

Murphy, M. (2011). *Emerging adulthood in Ireland: Is the quarter-life crisis a common experience?* A thesis submitted to the Dublin Institute of Technology in part fulfilment of the requirements for award of Masters in Child, Family and Community Studies. Преземено на 12 февруари 2017, од http://arrow.dit.ie/cgi/viewcontent.cgi?article=1040&context=aaschssldis

Мурџева-Шкариќ, О. (2011). *Психологија на детството и адолесценцијата. (Развојна психологија I).* Скопје: Филозофски факултет

Мурџева-Шкариќ, О. (2010). *Психологија на возрасните и на стареењето. (Развојна психологија II).* Скопје: Филозофски факултет

Negru-Subtirica, O. (2012). The time of your life. Emerging adulthood characteristics in a sample of Romanian high-school and university students. *Cognition, Brain & Behavior, 16,* 357-367.

Nelson, L.J. (2009). An examination of emerging adulthood in Romanian college students. *International Journal of Behavioral Development, 33, 5,* 402-411. doi: 10.1177/0165025409340093

Nelson, L.J., & Barry, C.M. (2005). Distinguishing features of emerging adulthood: The role of self-classification as an adult. *Journal of Adolescent Research, 20, 2,* 242-262. doi: 10.1177/0743558404273074

Nelson, L.J., Badger, S. & Wu, B. (2004). The influence of culture in emerging adulthood: Perspectives of Chinese college students. *International Journal of Behavioral Development, 28, 1,* 26-36. doi: 10.1080/01650250344000244

Oesterle, S., Hawkins, J.D., Hill, K.G., Bailey, J.A. (2010). Men's and Women's Pathways to Adulthood and Their Adolescent Precursors. *Journal of Marriage and Family, 72,* 1436–1453. doi:10.1111/j.1741-3737.2010.00775.x

Oleszkowicz, A. & Misztela, A. (2015). How Do Young Poles Perceive Their Adulthood? *Journal of Adolescent Research, 30, 6,* 683-709

Petrogiannis, K. (2011). Conceptions of the transition to adulthood in a sample of Greek higher education students. *International Journal of Psychology and Psychological Therapy, 11, 1,* 121-137. Преземено на 5 јануари 2017, од http://www.ijpsy.com/volumen11/num1/286/conceptions-of-the-transition-to-adulthood-EN.pdf

Reifman, A., Arnett, J.J. & Colwell, M.J. (2007). Emerging adulthood: Theory, assessment, and application. *Journal of Youth Development, 2, 1.* Преземено на 12 август 2016, од http://www.midss.org/content/idea-inventory-dimensions-emerging-adulthood

Richter, L. & Panday, S. (2006). *Youth conceptions of the transition to adulthood in South Africa: Barriers and opportunities*. Feature: Sexuality in Africa Magazine.

Seiter, L.N. & Nelson, L.J. (2011). An Examination of Emerging Adulthood in College Students and Nonstudents in India. *Journal of Adolescent Research, 26, 4,* 506-536. doi: 10.1177/0743558410391262

Settersten, R.A., Ottusch, T.M. & Schneider, B. (2015). Becoming Adult: Meanings of Markers of Adulthood. *Emerging Trends in the Social and Behavioral Sciences,* 169-190. doi: 10.1002/9781118900772.etrds0021

Settersten, R.A. (2006). Becoming adult: Meanings and markers for young Americans. In P. Carr & M. Kefalas (Eds.), *Coming of age in America*. Chicago: University of Chicago Press.

Shanahan, J.M., Porfeli, E. & Motimer, J. (2005) Subjective age identity and the transition to adulthood: When does one become an adult? In R. Al, Jr. Settersten, F.F. Furstenberg, Jr., and R.G. Rumbaut (Eds.). *On the frontier of adulthood: Theory, research and public policy*. Chicago: University of Chicago Press.

Shulman, S., Feldman, B., Blatt, S.J., Cohen, O., Mahler, A. (2005). Emerging Adulthood: Age-related Tasks and Underlying Self Processes. *Journal of Adolescent Research, 20, 5,* 577-603. doi: 10.1177/0743558405274913

Sirsch, U., Dreher, E., Mayr, E., Willinger, U. (2009). What Does It Take to Be an Adult in Austria? Views of Adulthood in Austrian Adolescents, Emerging Adults, and Adults. *Journal of Adolescent Research, 24, 3,* 275-292.

Преземено на 15 декември 2016, од http://journals.sagepub.com/doi/pdf/10.1177/0743558408331184

Steinberg, L. (2012). Should the science of adolescent brain development inform the public policy? *Issues in Science and Technology Online.* Пристапено на 10 февруари 2017, на http://issues.org/28-3/steinberg/

Sugimura, K., & Mizokami, S. (2012). Personal identity in Japan. *Identity around the world,* 123-143. doi: 10.1002/cad.20025

Syed, M. & Mitchell, L.L. (2013). Race, Ethnicity, and Emerging Adulthood: Retrospect and Prospects. *Emerging Adulthood 1, 2,* 83-95. doi: 10.1177/2167696813480503

Tanner, J. (2009). Understanding This New Stage of Life – Emerging Adulthood. *Yellow Brick.* Преземено на 10 март 2017, од https://www.yellowbrickprogram.com/Papers-By-Yellowbrick/Understanding-New-Stage-Of-Life-p1.html

TEDx Talks. (2015). *Why does it take so long to grow up today? | Jeffrey Jensen Arnett | TEDxPSU.* Video File. Пристапено на 23 март 2017, на

https://www.youtube.com/watch?v=fv8KpQY0m6o

Trible, H.B. (2015). Emerging Adulthood: Defining the Life Stage and its Developmental Tasks. *Educational Specialist, 2*

Way, N. (2011). *Deep secrets: Boys' friendships and the crisis of connection.* Cambridge, MA: Harvard University Press

Wider, W., Bullare-Bahari, F., Mustapha, M., Halik, M.H. (2016). Investigating the measurement of malay version of inventory of dimensions of emerging adulthood (m-idea) among first year university students in Malaysia. *International Journal of Current Research, 8, 04,* 29878-29884. Преземено на 03 јануари 2017, од

http://www.journalcra.com/sites/default/files/14366.pdf

Wider, W., Bullare-Bahari, F., Mustapha, M., Halik, M.H. (2015). A Preliminary Analysis of the Perceptions of the Five Features of Emerging Adulthood: A Comparison of Perceived Adult Status among Emerging Adults in Malaysia. *Projournal of Humanities and Social Science (PHSS), 3, 1,* 12-24. Преземено на 13 март 2017, од

*http://www.academia.edu/11665813/A_preliminary_analysis_of_the_perc percept_of_the_five_features_of_emerging_adulthood_a_comparison_of_ perceived_adult_status_among_emerging_adults_in_Malaysia*

Wider, W., Bullare-Bahari, F., Mustapha, M., Halik, M.H. (2014). Concept, dimensions and source of emerging adulthood: Reviewing this phenomenan among Malaysian youth. Presented at *International Multidisciplinary Conference (IMC)*, Jakarta, Indonesia. Jakarta: University of Muhammadiyah (UMJ)

World Health Organization. (2011). *Gender, equity and human rights.* Пристапено на 18 март 2017, на http://www.who.int/gender-equity-rights/understanding/gender-definition/en/

Zhong, J. & Arnett, J.J. (2014). Conceptions of adulthood among migrant women workers in China. *International Journal of Behavioral Development, 38,* 255-265. doi:10.1177/0165025413515133

Zorotovich, J.R. (2014). *Five Dimensions of Emerging Adulthood: A Comparison Between Students, Nonstudents, and College Graduates (Doctoral Dissertation).* University of Tennessee, Knoxville. Graduate School at Trace: Tennessee Research and Creative Exchange. Преземено на 12 декември 2016, од http://trace.tennessee.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=

4217&context=utk_graddiss

Zupančič , M., Friedlmeier, W., Puklek-Levpušček, M., Sirsch, U., Bruckner-Feld, J., Horvat, M. (2014). Perceptions of Achieved Criteria for Adulthood Among Austrian, Slovene, and U.S. Students. *SAGE Open*, 1-12. doi: 10.1177/2158244014556997

# Прилози

## Прилог 1

Инвентар

- Најпрво, Ве молам размислете за ова време во Вашиот живот. Под „време во Вашиот живот" се подразбира сегашното време, минатите неколку години и идните неколку години како што ги замислувате. Накратко, потребно е да размислите за околу петгодишен период со сегашното време точно на средина.
- За секоја фраза прикажана подолу, Ве молам штиклирајте во една од колоните за да укажете до кој степен се согласувате или не се согласувате со тоа дека дадената фраза го опишува ова време во Вашиот живот.
- Ве молам не штиклирајте два пати во ист ред.

| и овој период на Вашиот ıот е… | Воопшто не се согласувам | Делумно не се согласувам | Делумно се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| реме на многу можности? | | | | |
| реме на истражување? | | | | |
| реме на збрканост? | | | | |
| реме на периментирање? | | | | |
| реме на лична слобода? | | | | |
| реме на чувствување аниченост? | | | | |
| реме на одговорност за е? | | | | |
| реме на чувствување под ес? | | | | |
| реме на нестабилност? | | | | |
| време на оптимизам? | | | | |
| време под висок притисок? | | | | |
| време на откривање кој сум ? | | | | |
| време на стабилизација бота, долга врска, брак, ителство)? | | | | |
| време на одговорност за ти? | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| време на независност? | | | | |
| време на слобода во ·орот? | | | | |
| време на непредвидливост? | | | | |
| време на посветување на ти? | | | | |
| време на самостојност? | | | | |
| време на многу грижи? | | | | |
| време на испробување ·и нешта? | | | | |
| време на фокусирање на еси? | | | | |
| време на одвојување од ·ителите? | | | | |
| време на дефинирање на еси? | | | | |
| време на планирање на ·ината? | | | | |
| време на потрага по ·ство на смисла? | | | | |
| време на утврдување на ·ствените убедувања и ·дности? | | | | |
| време на учење да се мислува со својата глава? | | | | |

## Прилог 2

Прашалник

- Ве молам, штиклирајте во една од колоните за да укажете до кој степен секоја од фразите се однесува на Вас.
- Ве молам не штиклирајте два пати во ист ред.

| и чувствувате/сметате ... | Воопшто не | Во голема мера не | На некои начини да, на некои не | Во голема мера да | Потполно да |
|---|---|---|---|---|---|
| е станале возрасен/на? | | | | | |
| іате добра контрола Вашите емоции? | | | | | |
| е способен/на да ите домаќинство? | | | | | |
| пbooредувате на социјален (интеракција со и)? | | | | | |
| іате воспоставено оправна врска со ителите? | | | | | |
| мостојно ги донесувате ите одлуки? | | | | | |
| е способен/на да ите грижа за други? | | | | | |
| предувате на фесионален план лификуваност за эта)? | | | | | |
| е способен/на да гнете непромислено есување? | | | | | |
| одговорноста за Вашите гапки е само Ваша? | | | | | |
| сте финансиски висен/на? | | | | | |
| напредувате на личен н (искористување на ствените потенцијали)? | | | | | |

## Социодемографска анкета

- Ве молам пополнете ги податоците.

**Пол** (заокружете) маж жена

**Возраст** (колку години) .......................

**Дали сте вработен/а?** Не Да

**Дали сте во брак?** Не Да

## Благодарам за соработката.

## Прилог 3

Структурирано интервју

Најпрво се бележи возраста и полот на испитаниците. Доколку не се вработени и не се во брак се започнува со интервјуирање:

1. Што сметате дека е потребно за поединецот да стане возрасен?

2. Дали се чувствувате дека ја исполнувате улогата на возрасен поединец?

[Ако ДА]

-Може ли да ми опишете кога сметате дека сте се почувствувале возрасен/на?

-Колку време траеше тој процес?

-Што беше пресудно за да се почувствувате како возрасен/на?

[Ако И ДА И НЕ]

-Може ли да ми опишете во кои области се чувствувате возрасен/на, а во кои не?

-Како го доживувате процесот на настанување на возрасноста?

-Кога сметате дека ќе се почувствувате возрасен/на?

[Ако НЕ]

-Може ли да ми опишете како се чувствувате сега?

-Дали сметате дека во блиска иднина ќе го доживеете процесот на настанување на возрасноста?

-Дали сметате дека еден ден ќе го достигнете чувството на возрасност?

- Ако ДА: Кога и како сметате дека ќе се случи тоа?

3. Дали сакате уште нешто да додадете?

## Прилог 4

Спроведено интервју со 20-годишна испитаничка

П: Што сметате дека е потребно за поединецот да стане возрасен?

О: Станувањето на возрасна го поврзувам со психичко осамостојување и стекнување материјална независност.

П: Дали се чувствувате дека ја исполнувате улогата на возрасен поединец?

О: Од некои аспекти да, од некои не. Свесна сум за своите постапки и донекаде сум способна да се грижам за себе, но не сум независна.

П: Може ли да ми опишете во кои области се чувствувате возрасна, а во кои не?

О: Се чувствувам возрасно во однос на комуникација со луѓе, прилагодувањето во секојдневните животни ситуации, начинот на размислување и начинот на однесување. Но, засега не би можела во потполност да се грижам за себе, да готвам, да перам, да чистам, односно да живеам самостојно.

П: Како го доживувате процесот на настанување на возрасноста?

О: Да не мора никој да ти кажува што треба да правиш, да си одговорен за себе и да си свесен за последиците од своите постапки, всушност мојот сегашен начин на размислување и однесување е многу близок до оној на возрасните.

П: Кога сметате дека ќе се почувствувате возрасна?

О: Целосно ќе се почувствувам возрасна кога ќе станам целосно независна од моите родители, сама да си ги покривам трошоците и сама да се грижам за себе.

# Прилог 5

## Спроведено интервју со 27-годишен испитаник

П: Што сметате дека е потребно за поединецот да стане возрасен?

О: Да биде свесен и да ги застапува своите права, да знае што е добро, а што лошо, да работи и да формира семејство.

П: Дали се чувствувате дека ја исполнувате улогата на возрасен поединец?

О: Претежно се чувствувам возрасно, не сум вработен, што е проблем, но сум подготвен и способен и ја исполнувам улогата на возрасна единка колку што ми е дадена можност од средината.

П: Може ли да ми опишете кога сметате дека сте се почувствувале возрасен?

О: Кога започнав да преземам одговорност за реализација на задачи од секојдневниот живот. Конкретно, прв пат се почувствував возрасен кога самиот ангажирав мајстори за поправка во домот.

П: Колку време траеше тој процес?

О: За време на студирањето постепено се осамостојував и започнав да прифаќам одговорности.

П: Што беше пресудно за да се почувствувате како возрасен?

О: Можев да донесувам одлуки и да им докажам на другите возрасни дека сум во право.